СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јуни 1996 година

Скопје, јуни 1996 година

**46 (ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТА) СЕДНИЦА. II ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 12. VI. 1996**

ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД ПРЕТРЕСОТ ПО ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАННАТА САМОУПРАВА


1. АБДИ ФАИК 49,53
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 107, 109
3. ВАНГЕЛОВ АТАНАС 54, 68, 82
4. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ 83, 86 ,89
5. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН 14
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 39
7. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 94
8. КАРОВ ИЛИЈА 4
9. КОСТАЌЕВ БОРИС 6, 11
10. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ 19, 21
11. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 89, 91
12. МУСОСКИ ФЕРИД 96
13. МАРКОВСКИ РИСТО 99
14. ЖНИКОЛОВ ЈОВАН 34, 37
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
16. ПЕЦОВ МИРКО 23
17. ПОПО1ВСКИ ВЛАДО 29, 39, 78, 82, 85, 88
18. ПАВЛОВ БОРИС 91, 93
19. РУЖИН НАНО 1
20. РАМАДАНИ ХИСЕН 101
21. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 24, 29, 33, 91
22. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ 16
23. ТУДА РАМИ 44, 46


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од второто продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 12 јуни 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 , со почеток во 12,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, Тито Петковски.

Продолжуваме со работ апо 46-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Здравко Стојковски, Благоја Сиљановски, Санде Џамбазовски, Лазар Димов и Ристо Николовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Има збор г-дино Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, господин министер.

Јас сум малку хендикепиран бидејќи за време на мината седница тензијата околу овој закон доби еден ниво, така што, сега, можеби,

инспирациите не се толку големи, меѓутоа, со оглед на бројот на дискутантите, сепак ќе дојдеме до една задоволувачка дебата за ова прашање.

Пред се би сакал да истакнам дека потребата од овој закон за територијална поделба кај мене воопшто не доаѓа во дилеми, но сепак секој обид за делба , за разграничување и т.н. кај нашиот народ секогаш создава одредени терцепции со негативна конотација, бидејќи секогаш историјата не ни била наклонета, токму кога се правело тоа. Јас би употребил еден израз кој мошне ми се допадна, од воведното излагање на г-динот министер, кога зборува за реални локал- ни заедници. Токму за оваа категорија би ја врзал и позицијата на општина Валандово. Имено сами знаеме дека законот за територијална поделба создаде голем број на шпекулации и емоции меѓу народот и дури би рекол дека, можеби и Балканот ќе го разбереме полесно кога ќе ја сумираме и нашата крајна дебата од усвојувањето на овој закон за територијална поделба. Меѓутоа, она што збунува кај сите нас и пред се кај граѓанството се амбициите на одредени општини кои сакаат и настојуваат, благодарение на својата економска и политичка моќ да навлезат во атарот на други територии. Тоа е случај, еве имам овде една забелешка и предлози , предлагач е Горѓи Атанасов, пратеник на СДСМ од Гевгелија, каде што се залага за прифаќање на алтернативата на член 8 точка 16, со која сака да се утврди, како единица на локална самоуправа општина Миравци со населени места кои припаѓаат на општина Валандово. Тоа се : Градец, Удово, Плавлуш, Баракли и т.н.

Она што сакам да истакнам е дека, прифаќајќи ја оваа оценка на министерот за реални локални заедници, пред се, со евентуалното прифаќање на оваа алтернатива на член 8 во точка 16, тотално би се

пореметила оваа категорија. Имено, како што знаеме општина Валандово почнува некаде од, по тунелот Демир Капија, па до планинскиот венец Миравци и природата со сема логично ги поделила овие атари на двете општини и денес е неспоиво општината Миравци да се развива во насока да ја премине реката Вардар, бидејќи ќе се поремети и економскиот и историскиот и географскиот ентитет и културниот и природниот ентитет на самата општина Валандово. веќе со децении тој ентитет живеел заеднички. тоа е единствениот простор каде што општина Валандово излегува на некое географски значајно место тоа е патот од Скопје кон Солун, тука е Вардар кој е мошне значаен и за наводнување на тој дел. Имаме исто така, писмо од месната заедница Удово во кое тие, исто така , истакнуваат дека не сакаат да се припојат, разбирливо, кон општина Миравци, со оглед на тоа што постои голема оддалеченост кон матичната општина Гевгелија, постои одредено шумско богатство кое е мошне значајно за општина Валандово, инаку пред некој ден , знаете, таа е прогласена за нај сиромашната општина во Македонија. Кога сите овие елементи ќе ги земеме мислам дека е сосема разбирливо барањето и на граѓаните од општина Валандово и на оние од месната заедница Удово, атарот на општина Валандово да остане таков како што е. Сметам дека ќе се направи голема неправда од сите аспекти, доколку се усвои алтернативата на член 8 точка 16. Секако дека ние од Валандово немаме ништо против , Миравци да постои како општина, меѓутоа во една друга насока, на пример во насока на Смоквица, како што и некои наши колеги од Гевгелија тоа го предлагаат. Според тоа, обраќајќи ви се пред се на Вас драги колеги, сметам дека ќе имате разбирање за ова што го зборувам и без да ги вознемируваме граѓаните, барем од овој дел на државата , ќе поддржите, општина Валандово да остане така како што е дадена односно без усвојување на алтернатива.

I/4.-

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Пред се би сакал да истакнам дека го поддржувам предлогот за донесување на законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Со предлогот на овој закон се врши нова територијална поделба на Република Македонија, а поголемите општини се делат на помали, во кои граѓаните ќе можат да ги реализираат основните демократски принципи и што е исто така многу важно, граѓаните ќе учествуваат во одлучувањето за прашањата од локално значење, особено за урбанизирање на голем број села и населени места; за решавањето на нивните комунални потреби, изградба на патишта, обезбедување на вода за пиење, електрификација на селата и поврзување со ПТТ мрежата, потоа побрзо решавање на проблемите околу здравствената заштита, сообраќајот и образованието.

Јас ќе истакнам само неколку примери за општината Кочани, како со недоволната грижа и несоодветниот однос на генералната политика што досега ја водеше Собранието на општина Кочани спрема голем број ан села во кочанско, а проблемите се многу поголеми и по многу бројни колку што се тие села и пооддалечени од градот. Така на пример во селата Облешево, Чифлик, Чешиново , Уљарци и други, сеуште немаат обезбедено вода за пиење. Сличен е примерот и со селата Рајчани, Новоселани, Жиганци, Лепопелци и други, во кои не се решени основните комунални проблеми.

Селото Врбица е сосема иселено и напуштено. некогаш во ова село живееле над 100 домаќинства, а сега само 7. Во ова село се чувале

над 20 .000 овци , а сега без сточарство, напуштени органици, ливади, бес струја, пат и водовод. Иселувањето од ова село, како и од многу други, меѓу другото е резултат и на нерешените комунални потреби: здравство и школство.

Јас како пратеник од изборната единица 33 која што ја сочинуваат 15 села во општина Кочани, би сакал да истакнам дека од овие села беа поднесени неколку барања за формирање на нови општини и ќе беше добро ако Владата ги прифатеше сите предлози односно барања. Меѓутоа, Владата се определи за 3 нови општини во Кочани и тоа; Оризари, Зрровци и Облешево. Јас го поддржувам овој предлог но имам неколку забелешки на член 8 точка 40 каде во Предлогот се наведени и селата Горни Подлок, Долни Подлок и Мојанци, да припаднат кон предлогот на село Облешево односно општината Облешево.

На собирот на граѓани што се одржа во овие три села, едно- гласно беше донесена одлуката овие села да си останат во општина Кочани.

Заклучоците на трите села сметам дека се оправдани и предлага: на Владата да ги прифати односно на селата: Горни Подлог, Долни Подлог и Мојанци да бидат приклучени кон општината Кочани. Јас потекнувам од овие села и точно можам да кажам дека овие села се споени со градо Кочани и му припаѓаат на градот како негов составен дел.

Село Грдовси со предлогот е опфатено во предложената општина Зрновци. Тоа село е сосема близу до Кочани и оно припаѓа на Кочани, а не на Зрновци.

Село Прибачево со предлогот е опфатено во предложената општина Зрновци, но нема никакво поврзување со Зрновци. Значи

Прибачево, практично нема патна врска со Зрновци, но има добар асфалтен пат и е сосема близу до Оризари и мислам дека реално и природно е дека село Прибачево треба да припадне во општина Оризаре.

Предложената општина Оризари, кога веќе се прави Оризари општина, село Цера природно припаѓа на Оризари, а не на македонската меница.

На крајот предлагам Владата да ги прифати моите предлози и тие да станат составен дел на законот за територијална поделба на Република Македонија.

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван претседателе,почитувани пратеници,

накратко сакам и јас да се произнесам по законот за територијалната поделба на Република Македонија и определувањето на подрачјата на единиците на локалната самоуправа. Се разбира ќе се произнесам за општина Гевгелија, за тоа како овој закон е примен во општината, кои се реакциите и што се добива, а што се губи со него.

Јас реков дека ќе зборувам за општина Гевгелија, бидејќи од таму имам добиено мандат, се осеќам компетентен и се надевам дека нај изворно и најнепосредно ги познавам состојбите.

На сите Вас Ви е познато дека барање за општина поднесоа уште две населени места во нашата општина. Тоа се Богданци и Дојран. Веднаш да спомнам дека во општината никој немаше против овие две барања да бидат одобрени. Реакциите и недоразбирањата се јавија откако Комисијата која беше задолжена да подготви предлог аз новата територијална поделба го соопшти предлогот.

I/7.-

Познато Ви е, исто така дека комисијата за општина Гевгелија имаше две верзии. Првата беше во општина Богданци да припаднат населените места Гавато,Селемлија , Стојаково и Богородица и втората Богданци да формира општина само со Гавато и алтернативно Миравци да формира општина со населените места кои се наброени во предлогот. Предлогот на Владата е идентичен само што Богородица останува со Гевгелија.

Морам да спомнам дека реагирања спорови и недоразбирања се јавија само со ново предвидената општина Богданци, не и со Дојран ниту пак со алтернативната општина Миравци. Богданчанипритискаа и сеуште притискаат да остане во сила првата верзија, граѓаните на Стојаково, Селемлија и Богородица не сакаат да слушанат да останат со Богданци. Тие викаат ние немаме ништо против Богданци да биде општинско место, но не со нас. Тоа свое право нека си го остварат, но без да го узорпираат нашето право да си ја кажеме нашата желба со кого ние сакаме.

Недоразбирања и револт се јавија и зад тоа што токму граѓаните на овие три населени места уште во далечната 1964 година на подрачните собири на бирачи организирани од тогашниот ССРНМ се изјаснија дека не сакаат да припаднат кон општина Богданци . Токму заради тоа и Богданци како општина се расформира. И со територијалната поделба во 19 65 година Богданци како општина не постои. Значи присутна беше желбата на граѓаните токму од овие три населени места: Богородица, Стојаково и Селембија. Оттука и големиот револт на овие граѓани, бидејќи пред повеќе од три децении некој им дал можност да се изјаснат дали сакаат со Богданци или со Гевгелија, а сега кога се сметаме за земја која со крупни чекори , чекори со демократијата, никој не ги прашува која е нивната желба.

Сигурно е дека комисијата сакала да подготви најсоодветен предлог, сигурно дека таа не штедела ниту труд , ниту знаење , ниту време и сигурно е исто така дека е неможно да се направи идеален предлог, задоволувајќи ги условите, апетитите, потребите на сите, но сепак таа создава услови за одредени недоразбирања и незадоволства со тоа што не ги посетила овие места, на лице место да се сними фактичката состојба, да ги слушне луѓето кои се нивните видувања и желби. Таа подеднакво ги третира неразвиените и развиените подрачја за што малку подоцна повеќе ќе се задржам. Ако тоа се направело, убеден сум дека ќе се направеше посоодветен предлог.

Почитувани пратеници, јас сум пратеник од изборната единица број 14, во која покрај овие три населени места спаѓа уште градот Гевгелија и уште 5 други населени места. Ве убедувам дека желбата на најголем број на граѓаните од оваа изборна единица е овие три населени места: Богородица, Стојаково и Селемија да останат во општина Гевгелија. Тука посебно треба да се почитува желбата односно мислењето на граѓаните од градот Гевгелија, бидејќи тие најповеќе имаат инвестирано во инфраструктурата на трите населени места, за која инфраструктура ќе спомнам подоцна.

Сега во кратки црти сакам да ги наведам мотивите и причините зошто граѓаните на овие три населени места не сакаат да бидат со Богданци:

Прво , лошото искуство дури беа под општина Богданци.

Кога сум тука да спомнам дека Стојаково десет години по ослободувањето било еден вид општинско место, заедно со Селемија и Богородица. Од 1955 до 1964 е под општина Богданци. Значи само 9 години, а од 1965 до денес, скоро 31 година е под општина Гевгелија. Тоа се однесува и на Богородица и на Селемија. Лошо искуство имаат,

како што самите велат во сите сфери на живеењето. Граѓаните на Стојаково се убедени дека најголема стагнација во развојот на населбата е токму во тој период од 9 години кога беа под општина Богданци. Кога многу малку, скоро ништо не е направено многу малку, скоро во ништо не е инвестирано. Главниот акцент се даваше на Богданци и може да се каже дека Богданци го направија. Правиот развој Стојаково го доживува откако припадна кон општина Гевгелија и сега некој сака Стојаково да го спречи во тој развој да го врати назад. Стојачани тоа нема да го дозволат, цврсто стојат на определбата дека припаѓаат само на една општина и тоа на општина Гевгелија.

Второ, комисијата еднакво ги третира неразвиените подрачја односно населби на кои не им се решени ни најелементарните потреби, струја, вода , телефон и слично и оние развиените како што се Стојаково и Богородица, кои овие проблеми одамна ги имаат решено. На Стојаково и на Богородица им е потребна можност аз повисок степен на развој. Тие се определени да излезат надвор од општинските граници, па дури и надвор од државните граници. Тие се заинтересирани за работење кое е поврзано со мешовите фирми,со странски фирми тие се заинтересирани за бесцаринскиот простор за деловни простори за урбанизираниот појас покрај автопатот, железницата, терминалите и слично. Таквата ориентација Гевгелија може да им ја овозможи, бидејќи предуслови за тоа се создадени. Богданци, се сомневаат тие дека не може тоа да им го овозможи и тоа практично би значело враќање назад.

Трето, трите населени места претставуваат една природна, географска и економска целина нераскинливо поврзана со Гевгелија. Тие заедно со Гевгелија, како синџир се наредени спрема самата граница на Грција на еден потез на 8 до 10 километри, а помеѓу себе некои од нив се оддалечени само од два три километри, како што се Гевгелија со

I/10.-

Богородица односно Богородица со Стојаково. тие како непосредни чувари со границата делат иста судбина.

Фактот што од Богданци се дојде на граничниот премин Богородица мора да се влезе во Гевгелија го прави предлогот на комисијата уште понеиздржлив. Трите населени места имаат единствена месна заедница, единство Централно основно училиште, заедничко комунално претпријатие Комуналец со седиште во Гевгелија и т.н. Богородица и Стојаково се модерни населби, по многу нешта потсетуваат на градчиња со асфалтирани улици, решена канализација, уредени центри на населбите со модерно уредени продавници и кафеанчиња, современи училишни простории, пошта, библиотека, Клуб на спортисти, банкарски шалтери и слично. Присутни се на овие места исклучиво гевгелиски претпријатија и фирми. Најзастапено е општественото претпријатие ЗИК "Винојуг" од Гевгелија, по што Гевгелија е и препознатлива. Во нивните атари "Винојуг" има околу 500 хектари земја претежно засадена со долготрајни култури и околу 5.000 метри квадратни складови, магацини и згради. Тие се задоволни и благодарни на Гевгелија што им овозможува да имаат такви развиени населби.

Четврто сите населени места по два асфалтни патишта, би рекол современи и модерни можат да дојдат во Гевгелија. Сите се по- врзани на Градскиот водовод на Гевгелија и кога ви снема вода во Гевгелија нема и кај нив. За среќа тоа ретко се случува, бидејќи Гевгелија водоснабдувањето добро го има решено.

За изградба на водоводот во Гевгелија со свои средства од месен самопридонес учествуваа и граѓаните од овие населени места, Стојаково и Богородица и затоа водоводот во Гевгелија е и нивни водовод. Електричната мрежа е сопственост и одржувана од дистрибуцијата "Никола Тесла " до Гевгелија. ПТТ поврзаноста е исто така преку Гевгелија,импулсите на нивните телефонски броила се отчукуваат во Поштата во Гевгелија.

**БОРИС КОСТАЌЕВ:** (Продолжение)

Здравствената заштита ја остваруваат преку Медицинскиот центар во Гевгелија кој што изгради модерна амбуланта во Стојаково и пунктовите во Богородица и Селемлија редовно посетувани од лекарот во Стојаково. 60-тина ученици, само од Стојаково, и приближно уште толку од Богородица и Селемлија секој ден одат на училиште во гимназијата и двете средни училишта во Гевгелија. Учениците од Богородица одат пеш во Гевгелија бидејќи оддалеченоста е сосема мала. Само од Стојаково во Гевгелија има вработено 215 лица, од кои 12 на високи раководни места, 4 се раководители, на подрачните единици на 4-те министерства. Во Богданци од Стојаково има вработено само 86 лица и ниту едно дете не оди на училиште во Богданци. Податоците за вработеноста се земени од местата заедница Стојаково од списковите за плаќање на самопридонес. Само од Стојаково преку 100 индивидуални куќи се изградени во Гевгелија, а само од Богородица 20-тина семејства имаат отворено работење односно бизнис во Гевгелија, како што се регистрирани фирми, дуќани, сервиси и сл.

Почитувани пратеници, сакам да ви го кажам и следното: од моето досегашно излагање можеби забележавте дека реагирањата на граѓаните од градот Гевгелија се некако помирни и некако потајни не заради тоа што тие го сакаат противното, туку заради тоа што сметаат дека е невозможно тоа што го предлага Комисијата, овие 3 населени места да бидат одземени од Гевгелија. Тие едноставно не можат да сфатат Гевгелија да остане без Богородица или точно речено без граничниот премин Богородица. Преминот за Гевгелија синоним или имиџ граден со децении. Целата развојна стратегија или било која е

градена врз тој премин, врз тој автопат, врз таа железница. Тука е многу инвестирано, проектирано, планирано, урбанизирано. Заради тој премин урбанизирани се повеќе од 10 км. покрај автопатот према Скопје со објекти за складирање без царинска зона, градење на терминали, мотели, базен за кој е изготвен зелен проект и во текот на оваа година ќе почне со изградба. Само за проекти и урбанизирање општината Гевгелија има потрошено околу 1 милион ДЕМ.

Предводник на сите овие активности е "Евромак" кој впрочем и за таа намера е формиран. Во него учество имаат и грчки фирми, меѓу кои е и познатата фирма "Алки" од Солун.

Фактот што граничните премини ќе бидат државни во овој момент не лепи кај народот. Таму засега има вработено неколку стотина луѓе, претежно од Гевгелија, Богородица и Стојаково и не можат тие луѓе да ги убедите дека од утре ќе бидат под друга општина, во овој случај под Богданската.

Сакам да ви спомнам и тоа дека сето ова што го изнесов не е мое паушално видување на работите туку резултат на добро сондирано мислење и желби на граѓаните од 3-те населени места и градот Гевгелија посебно.

Се одржат многу состаноци на советите на МЗ заедно со претставници на сите политички партии што постојат во тие населени места, тука е постигнат консензус. Од сите тие состаноци стојат заклучоци кој што во секое време може да се стават на увид. Некои од нив веќе и ви се поделени. Морам да спомнам и тоа дека советот на МЗ Стојаково има донесено одлука д формира сама општина односно единица на локалната самоуправа заедно со Селемлија односно Богородица доколку со сила бидат припоени со Богданци.

II/3

Факт што сам за себе зборува за сериозноста на состојбите и од тука е потребен сериозен пристап при носење на предлог на законот. Тие имаат донесено и одлука за непосредно изјаснување и деновиве ќе ја реализираат.

Тоа се најглавните факти гледано од историски, морален, законски, инфраструктурален и било кој аспект што надлежните треба да го земат во предвид кога ќе го донесат дефинитивниот предлог закон. Овие факти нека бидат и одговор на брошурата што ја издаде МЗ Богданци и деновиве ни беше поделена. Според мене, треба да предначи желбата на граѓаните на што не обврзува и членот 15 од Законот за локална самоуправа и мислењата на постојните, би рекол матичните општини на што не обврзува членот 87 од истиот закон.

На крајот почитувани пратеници, јас би ги изнесол желбите и мислењата на граѓаните од 3-те населени места, а посебно желбите и мислењата од градот Гевгелија кој многу не се разликуваат, би рекол се идентични до крај и сондирани и со многу односно и со голем број записи потврдени. Со тоа не сакам да ја омаловажам желбата на Богданчани уште повеќе кога тоа би било желба на најголемиот број на граѓани од Богданци. Неможам до крај да тврдам но сметам дека тоа не е желба на поголем број на граѓани туку само на оние кој се гледаат како идни градоначалници, советници или главни администратори. Сепак, меѓу сите овие желби има една разлика граѓаните на Богородица, Стојаково и Селемлија сакаат со Гевгелија и Гевгелија ги сака нив, додека Богданци ги сака овие 3 места, ама тие не сакаат со Богданци. Навистина суштинска разлика.

Заклучок:

Бидејќи населените места Селемлија, Стојаково и Богородица преставуваат една природна, географска и економска целина нераскинливо поврзан со општинскиот центар Гевгелија и со природна гравитација кон неа, неминовно се налага овие 3 населени места да останат во општина Гевгелија. Граѓаните од овие 3 населени места на оваа своја определба стојат цврсто и непоколебливо.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Драган Горѓев има збор.

**ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:**

Почитуван претседаеле, почитувани пратеници, денес расправаме по предлогот за донесување на закон за територијална поделба, станува збор за мал и не така сложен закон, но неверојатно значаен закон за живеењето на граѓаните што ќе можат да се констатира од самите дискусии на пратениците. Од тука не е сеедно како ќе изгледаат територијалната поделба на РМ и каква ќе биде распределбата на општините. Предлагачот на законот поаѓајќи од определбата на Уставот и законот за локалната самоуправа се обидел да ја направи оваа поделба, по општини, и преку средствата за јавно информирање беше презентирана и аргументирана пред граѓаните за да денес ние пратениците во вид на предлог аз донесување на закон ја поддржиме оваа поделба. Веднаш да нагласам дека ќе го поддржам предлогот законот да се донесе во 2 фази и на тој начин се овозможи негово побрзо донесување, а истовремено и спроведување на локалните избори и конституирање на локалната таканаречена четврта власт во предвидениот рок годинава.

II/5

Во дискусијата накусо ќе ги пренесам реагирањата, позитивни и негативни на граѓаните од изборната единица и општината која ја претставувам.

Каско прво, ќе го изразам позитивното чувство на задоволство што после 30 години граѓаните од Ново Село и околните места ќе го повратат изгубениот статус на општина од 1965 година. Во таа прилика мора да се изрази чувството на правичност што го имала актуелната власт кон потребите и реалните факти на барателот од Ново Село и на граѓаните кој што ги остваруваат своите интереси комунални инфраструктурни, економски, во новоформираната општина. Верувам дека луѓето тоа ќе знаат особено да го ценат и со своите постапки да ја оправдаат укажаната доверба. Меѓутоа, ако овде реакциите се позитивни, на друга страна мора да ја пренесам и огорченоста и незадоволството на граѓаните од населените места Мокрино, Мокриево, Колешино, Бористово и Габрово кои имаат свое барање Мокриево да биде центар на нова општина за овие населени места. Нивниот став е сосема јасен, добивање на општина или останување кон постоечкиот центар Струмица. Убедени се дека со својата местоположба, оддалеченост, комуникациски врски, инфраструктурни објекти имаат сосема реални услови за формирање на посебна социоекономска, географска, и инфраструктурна целина со седиште во Мокриево.

Со иста ако и не поголема жестина е и огорченоста на граѓаните од населбата Турново со околните места, посебно Иловица, И тука, Радово, Бориево и Секерник што Турново не е предвидено како центар на нова општина. Дотолку што повеќе што условите предвидени со законот за локална самоуправа да "новата општина треба да преставува природна, географска, и економски поврзана целина со комуникации меѓу

населените места и гравитација кон взаемниот центар, како и да имаат изградени инфраструктурни објекти и објекти од општествен стандард", ова населено место во целост ги исполнува. Ако на сето тоа се додадат и изјавите образложенијата дадени од страна на членовите на Комисиите подготвувачи на овој закон, дека новата општина треба да има најмалку 5.000 жители или 5 населени места, тогаш во потполност треба да се респектира и уважи барањето на Турново за стекнување со статус на нова општина. Ова населба има развиена инфраструктура, амбуланта, основно училиште, културен дом, објекти во изградба, технички преглед за возила и регионален водовод. Сите овие населени места гравитираат околу Турново и се поврзани со модерни асфалтни патишта.

Поаѓајќи од сето тоа сметам дека изготвувачите на законот треба најсериозно да ги земат во предвид овие барања на граѓаните и изготвувањето на конечниот предлог на законот за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единици на локална самоуправа. И на тој начин овој закон да биде во интерес на секој граѓанин.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пред нас е предлогот за донесување на закон за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единци на локална самоуправа кој што е

од огромно значење за сите нас, односно за РМ, а тоа го потврдува и големиот интерес на граѓаните на РМ, а исто така и многуте барања, мислења, сугестии, па и реагирања упатени до предлагачот како и до Собранието на РМ. На почетокот да кажам дека има потреба од донесување на овој закон, истиот го поддржувам од следните причини:

Прво, бидејќи се заснова врз одредбите на Уставот на РМ и законот за локална самоуправа кој што беше донесен од страна на ова Собрание, кон крајот на минатата година.

Второ, предлагачот би почитувал во најголем број барањата на месните заедници кој што поднеле барање за формирање на нови општини во предвидениот рок, понатаму, со овој закон општината не е повеќе општествено - политичка заедница како единица на локална самоуправа во која што граѓаните ќе ги остваруваат своите права односно ќе одлучуваат за прашања од локален интерес.

Исто така, со донесувањето на овој закон сметам дека ќе с,е овозможи побрз, порамномерен, регионален развој на РМ односно место досегашните 30-тина центри во Македонија каде што одеше тој развој со овој предлог на закон ќе се развиваат стотина и повеќе центри каде што ќе овозможи и запирање на миграционите процеси село - град и задржување на населението на теренот бидејќи сметам дека ќе се создадат услови за живот и работа.

Исто така го подржувам предлогот за донесување на законот за територијалната поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа бидејќи предлагачот ги прифатил и двете барања поднесени од страна на 2 месни заедници од општината Македонски Брод со тоа што иако тие барања не се во целост прифатени, онака како што беа поднесени од барателите.

II/8

Поднесените барања за формирање на нови општини односно единици на локална самоуправа во Самоков и Пласница се оправдани бидејќи тие претставуваат природни односно географски целини и ги исполнуваат сите потреби предуслови за формирање на нови единици на локална самоуправа.

На предлогот за донесување на законот за територијална поделба ги имам следниве забелешки: во членот 8 во точката 11 да се додадат селото Сушица и с.Старо Село, а истите се бришат во точката 12. Ова го предлага^ од причина што с.Сушица воздушно можеби е многу поблиску до новата општина Самоков, но комуникациски сега со пат е поврзано со Македонски Брод и кога би се одело наоколу, тој пат е навистина подолг. Тоа се поклопува и со барањето на граѓаните и мислам дека во таа смисла ќе немаме никакви проблеми.

Што се однесува со Старо Село, исто така тука е направена грешка и тоа припаѓа и географски и секако, а фактички Старо Село, Ново Село, под заедничко име е Долни Манастирец.

Сакам да дадам уште еден коментар на едно барање од страна на здружението Поречки средби од Скопје во врска со законот со кој што тврдев дека с.Тажево, Брезница и Белица од секогаш припаѓале кон новата општина Самоков и викаат таму да припадне. За мене не е спорно каде ќе припадне, дали таму или ваму, сепак мислам дека треба да се почитува барањето на граѓаните а јас го тврдам обратното што го тврдат тие дека жителите од овие населени места бараат да одат во општината Самоков, го тврдам обратното бидејќи навистина има средба со тие граѓани, а тие беа едногласни во таа определба да останат кон досегашната општина што реков на крај краишта не е спорно каде би припаднале.

На крајот сметам дека овие забелешки предлагачот ќе ги има во предвид, ќе ги вгради во предлогот на законот со тоа што ќе бидат задоволени барањата на граѓаните од овие општини.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојан Ковачевски.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлогот за донесување на закон за територијалната поделба на РМ го чувствувам како основен услов за примена на законот за локалната самоуправа и сметам дека треба како предлог за донесување на закон да го поддржиме како неопходна потреба за нов импулс на поцелосен, порамномерен и поширок развој на РМ. Кога ќе се види бројката од 111 општини, или 77 нови општини во РМ асоцира на една наградена радиоемисија со наслов "Македонијо каде ти се селата". Делимично мислсм дека добиваме одговор и тоа позитивен одговор во насока на подобрување на положбата на селото со настојувањата и интенциите на овој закон за новата територијална поделба на Македонија и воедно мораме да признаеме дека досегашнава територијална поделба со 34 општини не само што ги исцрпи можностите за понатамошниот вкупен развој на селските населби туку веќе стана кочница за нивниот понатамошен развој, посебно на земјоделието, сточарството, малото стопанство, некои гранки на занаетчиството и тн.

Досегашната општинска територијална шема го запостави селото и благо речено недоволно се грижеше за проблемите на село, па така ни

се случи силна миграција село - град, опустошени села, напуштени обработливи површини, напуштени пасишта и ливади.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ** (продолжение)

Ова го потенцирам затоа што е многу карактеристично и за струшкиот крај. Оние села кои покажаа виталност и покрај сите неповолности на старата општинска шема, израснаа во урбанизирани урбани средини со се што треба за квалитетен живот на населението, овие села и дамна истакнуваат кандидатура за нови општини и еве шанса да се одбележени и да се даде нов импулс за нивниот развој.

Струга спаѓа во редот на средно големите досегашни општи- ни во РМ со население од над 60 иљади жители, и оттука не треба да е чудно што се предлагаат нови шест општини, односно заедно со Струга, постојниот општински центар вкупно седум.

Струшкиот крај е преосетлив на некои прашања од делби и определби, од граници и тн. што во минатото доживувала многу делби. Ќе ја спомнам последната 1965 година кога на Струга и е одземени седум села на границата со општината Охрид, односно сите села кои што беа околу охридскиот аеродром. Оттука и некои разместувања кои што станаа на некои населени места во Струга покажаа силно незадоволство кое е манифестирано на собирите на граѓаните, со писмени обраќања до министерствата за правда, за урбанизам, до општинското собрание и тн.

Граѓаните реагираат и пред се прашуваат од кои причини и со кои аргументи Владата го преиначи веќе објавениот во јавните гласила предлог на експертската министерска работна група, која после неколку месечна работа изготви најблиско решение по мое мислење за потребите на граѓаните.

Конкретните забелешки и реагирања на граѓаните од селата Дрслаица, Ложани, Малешеските села,Присовјани, Прчево, Збажди, Глобочица, Мали Влаи се залагаат за предлогот на објавената листа на општини објавена пред седницата на Владата. Сите тие молат да се

земе фактичката реална состојба на теренот. Овие населби се писмено обратени, но јас накратко ќе кажам во што се состојат забелешките. На пример барањето на селото Дрслајца да припаѓа кон општината Струга е образложено со тоа што само 3 км. ја делат од Струга, додека до новиот општински центар, кој што се предвидува со најновиот предлог, треба да се патува седум км. до селото Деловожда и тоа во спротивна насока наназад, додека природно до сега економски, културно, образовно населбата гравитирала кон општина Струга. Месната канцеларија се наоѓа кон с. Дрслајца, а ова село со околните населби порано претставувало и општински центар како една целина што има своја физиономија. Оваа населба има и централно осмогодишно училиште доста современо и со веќе традиција која што дава крупни резултати во образовниот систем на учениците до осмогодишното образование.

Селото Ложани постои една алтернатива во законот, да припадне кон новоформираната општина Велешта, а за новото седиште на општината нема пат. На картите постои некоја линија која што одам- на е затрупана и тој пат неможе да се помине ниту со полска кола, а не да се комуницира кон еден општински центар. Додека пак широка сообраќајница оди кон градот Струга од оваа населба која што претставува доста развиена, и има своја земјоделска задруга одамна со своја традиција, има коректорска станица која е главниот пункт на Охридското езеро и природно со реката Дрим претставува една граница, бидејќи селото целото е распослано на десната страна на обалата на реката.

Мали Влај е последното село на македонско - албанската граница, каде постои дисперзиран погон на "Стружанка", со цел да се спречи миграцијата село - град. Голем број на граѓани на Мали Влај, работниот однос го остваруваат во Струга, а децата сите исклучиво учат во струшките училишта.

Делот од малесиските села што ги набројав, Прч Глобочица, Збажди и Пресовјани се залагаат оправдано да не наруши целината на караорманска малесија, бидејќи од секогаш биле демогравска, географска и економска целина со перспектива ете сега до крај да се искористи шансата со новата општина Луково да ги искористат природните ресурси на оваа целина која што од секогаш била заедничка.

И има уште една забелешка, една населба алтернативно, веројатно е дадена, селото Корошишта, кон новата општина Мешеишта и мислам дека селото Корошиште и демографски и географски и економски и образовно припаѓа од секогаш кон село Делогожда кој што сега е дел од Струшкиот крај.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, со овој Закон со кој се определуваат подрачјата на единиците на локална самоуправа,односно општините во општина Виница не се прави територијална поделба, иако подрачјето на општина Виница беа доставени две иницијативи за нови општини.

Од Предлогот за донесувањето на законот на Владата се гледа дека двете барања се одбиени. Од денешната расправа на овој закон на пратениците им е доставен приговор по барањето на Блатец да биде утврдено како општина. Блатец од 199 2 година, кога на референдум се изјаснија за општина, досега има доставено седум такви барања. Блатец во 1956 година, било општина и тоа со многу долга традиција. Во турско во времето на разни окупации, како и во поранешна Југославија па се до 1956 година. Бројот на населението падна во овој период о 3.300 жители на 1.700, а сметат дека е забавен и нивниот вкупен развој .

Бидејќи сметаат дека општина Виница е најголем виновник за состојбите во Блатец, општината им даде позитивно мислење за формирање на своја општина. Затоа бараме и од Владата во наредната

фаза на овој закон уште еднаш да му се посвети внимание на приговорот на Блатец и да го утврди како општина.

Сакам уште една сугестија да упатам до Владата, при дефинирање на територијата на новата општина со седиште во Блатец кој има мошне специфична положба, да ги има максимално во предвид волјата и перспективноста на населените места кои ќе бидат предложени во состав на оваа општина, бидејќи во спротивно е можно да се изродат и други непожелни проблеми.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, Предлог законот за донесување на Законот за територијална поделба, претставува секако еден од битните закони кои треба да ги донесе ова Собрание и добро и позитивно е што предлагачот после неколку верзии од овој текст, успеа да достави еден конечен текст до нас и сметам дека со една опсежна дискусија секако дека овој закон ќе добие во квалитет.

Читајќи го текстот дојдов до три анализи би рекол од тој закон, односно тој закон трпи критика од три аспекти. Првиот аспект е економскиот, вториот организацискиот и третиот е политичкиот аспект.

Од економски аспект формирањето на 111 општини на територија на која живеат 2 милиони граѓани и со стопанство која се наоѓа во рецесија е потполно финансиски неодрживо. Во состојба кога од постоечктие 34 општини, на 50% не можат да се самофинансираат и се одржуваач на така оптоварениот буџет на државата, предложениот број од 111 општи- ни ќе претставува дополнителен товар на државата. Факт е дека со зголемен број на администрација од 700 до 1000 нововработени, а тој број знаеме дека сигурно прогресивно ќе расте , врз база на досегашните искуства, со недефинирана инфраструктура, згради, мебел, возила и предложениот број на нови општини директно ќе

црпи средства од буџет што секако ќе се одржи на изворите од средствата на буџетот, односно во сферата на даночниот систем. Или со други зборови кажано зголемувањето на фиксните трошоци наменети за новите општини ќе предизвикаат и големо даночно оптоварување на секој граѓанин на државата. Процена е дека според предложениот број од 111 општини спрема сегашната состојба во стопанската, земјоделското, односно индустријата, над 80 општини не ќе бидат во состојба да се самофинансираат, во согласност со Законот за локална самоуправа и директно ќе зависат од буџетот на државата. Прашање е дали со ваков голем број на општини, со ваква финансиска состојба ќе можат граѓаните да ги реализираат успешно своите секојдневни потреби и барања, односно да одлучуваат за прашања од локално значење утврдени со Уставот на РМ: и со законот за локална самоуправа. Мислам дека со оптимален број на општини врз основа на искуствата кои ги имаат веќе во други земји, со еден ограничен лимит секако дека ваквиот услов би бил исполнет-

Од организациски аспект, со предложениот број на општини ќе произлезат големи проблеми, и тоа пред се проблеми во координација на општините и на сите нивоа, од контакти со извршната власт, значи министерствата, па регионалните комуникации, проблеми во воспоставување на соработка помеѓу општините од регионално па и републичко ниво проблеми за организирање на референдуми, собири и други форми на организирање на граѓаните , проблеми во однос на водење на самата администрација и Статистичката евиденција

Наречените организациски проблеми ќе значат и додатно - финансиско оптоварува на Државниот буџет.

Од политички аспект со формирање на 111 општини практично како прво се става по мое мислење , крајно политиката на регионалниот развој на државата што ќе имплицира постат на миграциони движења

во правец од сиромашни во побогати општини, односно пораст на социјалните и економските тензии на државата.

Второ, се создава ситуација направен вакум во однос на статутите на единиците на локалната самоуправа. согласно со член 91 од Преодните и завршните одредби на Законот за локално самоуправа,од кои од 1.11.1995 година, до 15.5.1996 година обврска беше на сите локални самоуправни единици да ги донесат статутите, со што ќе се создаде во новата ситуација , поради донесување на нови статути и поради разните територијални промени, ќе се создаде еден правен вакум кој ќе ги пролонгира основните функции на истите. Во ситуација на еден ваков правен вакум,, најверојатно се очекува дека Владата ќе делегира свои повереници во тие општини, кои ќе имаат улога да ги воспостават основните функции на општините додека не се донесе Статутот на општините да се формира во конечен состав на тие општини. Значи во тој преоден период што се своја страна ќе предизвика одредени политички импликации, посебно во периодот на очекуваните локални избори.

Како трето, се доведува во прашање глобалната економска политика , генерално на основа на ефикасноста на очекуваната развојна политика.

Почитувани пратеници, на основа на претходните забелешки логично се поставуваат три прашања. Дали со понудениот концепт на зголемување на бројот на општините ќе овозможиме подобар економски и демографски развој на неразвиените и напуштени простори во државата. Второ, дали ќе успееме дел од граѓанската популација и ја вратиме на тие неразвиени простори , обезбедувајќи економски и индустриски развој и трето, дали со нов административен зафат на уситнување на општините ќе овозможиме и побрз стопански и културен

развој на пасивните неразвиени простори на државата. Врз основа на понудениот концепт на текстот, навистина тешко е афирмативно, потврдно да се одговори на овие три прашања. Наместо да се прифати концепт на постепена регионална политика развојна во земјата, економски и демографски , значи посебно на овие неразвиени и празни простори се предлага административна поделба на истите, без економска и стопанска стратегија на развој. Наместо да преовладува логиката на регионален развој на пасивните краеви на база на пазарната економија и интерес за инвестирање на стопанството во тие региони и на туризмот, на основа на развој на постоечката инфраструктура, ако веќе постои таму, патишта водовод, се предлага концепт секое село - општина со прагматичен пристап дека со правење на нови општини, веднаш добиваме и услов за стопански демографски развој. Или со тројно зголемуваше на општините не значи дека ќе добиеме и услови за брз економски развој во нив, ако и само единствено кај нив не постои некаков економски и политички интерес на развој.

Со други зборови, со добра инфраструктура, патишта, струја, вода и тн. и други економски услови , ослободување од даноци или добивање побрзо на градежни дозволи за изградба на капацитети и тн., можат да се привлечат и заинтересираат стопанските субјекти да инвестираат во тие неразвиени напуштени села односно да се забрза нивниот стопански развој.

Отворањето на 10 0 нови општини нема по административен пат да ги врати луѓето назад, или да ги натера фирмите по секоја цена да инвестираат, туку глобално и регионално гледано тие подрачја да ги направиме лесно достапни за стопанска активност, преку добра инфраструктура, а воопшто не е битно дали вработените ќе живеат во тие села, на тие простори, или некаде поблиску или некаде подалеку.

III/8

Пазарната економија не признава по секоја цена да се живее во секое село, дури и во најпасивните краеви на државата, туку дали воопшто постои економски интерес по услови за развој на тие краеви. Формирањето на стотина нови административни центри кои ќе треба да даваат иницијативи без средства ќе се претворат во апсорбери или трошачи на државниот буџет без можност за нивна репродукција. Затоа предлагам законот да се донесе во три фази , од аспект да има време за една поширока јавна расправа во која ќе се вклучат сите инволвирани страни, дури имаше предлог дел од општините се проблематични, да се распише референдум ако треба и нормално да се "вклучат повеќе или поширок круг на луѓе, урбанисти, демографи и социолози, економисти итн. навистина да се одбере правиот концепт, односно да се одбере правата бројка која е реална и од економски аспект и од сите други аспекти кои ги спомнав во моето излагање. Само да кажам дека искуствата од други држави посебно Словенија имав прилика скоро да одам таму во разговорите со луѓето кои ја воделе таа политика и биле да кажам предлагачи на сегашната состојба до 126 општини во Словенија нивното искуство покажува дека таквиот обид е еднократен, практично и неодржив и тие сега размислуваат сериозно да се вратат на помал број на општини. Сметам дека ваквите искуства на земји кои се и по популација и по да кажам економска снага слични на нашата држава треба да бидат како еден патоказ и практично треба да се учиме на некакви искуства кои веќе никои ги поминале.

IV/1.-ЛП/МЛ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Затоа, уште еднаш ќе повторам, предлагам законот да се донесе во три фази, за да има доволно време сите овие согледувања да се внесат во новиот текст.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Поповски, министер за правда, бара збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека е потребно да се интервенира со аргументи во овој момент, од причини што веќе се заокружува една концепција која не води сметка на пример за уставната определба на локалната самоуправа и за стандардната дефиниција на локалната самоуправа, па каде и да се јавува таа.

Веднаш да минам на предметот - прашањето на регионалниот економски и просторен развој, со сите елементи на туристичкиот развој, инфраструктурата и слично е надлежност на државата и Уставот на Република Македонија глобалната економска политика, глобалниот просторен развој, регионалната економска политика, регионалниот просторен и севкупен развој не го определи како надлежност на единиците на локалната самоуправа или на општините, туку направи прекин во однос на дефинирањето на функциите на општината во споредба со општините од пред 19 90 година. Познато ви е на сите дека Уставот на Република Македонија предвиде едностепена локална самоуправа, не предвиде двостепена, не предвиде тристепена локална самоуправа и оваа проблематика ја остави како надлежност на државата. Државата нема никакви пречки, таа политика на глобалниот економски и општествен развој, во таа смисла и просторен, инфраструктурен и тн. на регионалниот да го носи државата. Имено, тоа

е нејзина надлежност. Тоа е со Уставот на Република Македонија.

Тоа што е со локалната самоуправа во другите европски земји, исто така сакам да ве известам, а тогаш кога беше законот за локална самоуправа ве информирав детално дека анализиравме околу 25 модели на локална самоуправа во Европа и надвор од Европа, и тоа пред се ги имавме класичните модели на Англија, Швајцарија и САД и сите нови модели и искуства на локалната самоуправа и утврдивме дека за разлика од локалната самоуправа во Република Македонија по линија на надлежности, и таму констатиравме дека единиците на локалната самоуправа и во тие земји за своја надлежност ја имаат урбанизацијата на основно локално ниво и изградбата на комуналиите и инфраструктурата на локалните заедници и надлежностите поврзани со основната, социјална, здравствена и образовна потреба на граѓаните, имајќи надлежности во областа на основното образование, амбулантите или основната здравствена заштита и основната социјална функција. Никаде во Европа регионалниот и глобалниот економски, општествен и друг развој не е надлежност на општините, односно на единиците на локалната самоуправа.

Од тие причини, ми се чини дека се мешаат две крупни работи. Едната крупна работа која што соодветни елементи, па дури и комплетно мешаше постоеше, не само што постои во дискусијата на почитуваниот пратеник Соколовски, туку и во дискусијата на почитуваниот пратеник Мурати, каде што поимот на општина се врзуваше со потреба од воспоставување на институција единица на локална самоуправа која што ќе го носи севкупниот развиток и сите потреби на граѓаните на просторот, од стопански преку образовен, преку културен, преку комунален и слично и се дојде до едно становиште да спротивставиме две тези, односно две дефиниции на општината.

Првата во општините да се поима општината како таканаречена генерална организација или општа организација надлежна за сите потреби на граѓаните и на сите нивоа и втората, што е во Предлогот на законот, меѓутоа има врска во Законот за локалната управа, што го изгласа ова Собрание, а господинот Соколовски тогаш немаше забелешки на надлежностите, но е во врска и со Уставот на Република Македонија, а е во врска и со компаративното искуство на единиците на локалната самоуправа каде што тие се јавуваат единствено како сегментарна организација, односно како институција која решава само еден дел или еден сегмент од потребите на граѓаните, а тоа е првенствено во областа на урбанизамот, комуналиите - кај нас со еден получекор или полунадлежност во областа на социјалните, здравствените и културните потреби на граѓаните, а во развиената европска самоуправа со еден цел чекор или со целосна надлежност на единиците на локална самоуправа, но само во областа на основната социјална, здравствена, образовна потреба на граѓаните, но не повеќе и никаде не повеќе.

Според тоа, матрицата за општините како носители на регионалниот и глобалниот економски развиток е матрица надвор од Уставот на Република Македонија, од Законот за локална самоуправа и надвор од компаративното законодавство, односно од компаративното искуство, компаративната позиција, дефиниција и надлежности на локалната самоуправа каде и да е во светот. Што значи, тоа е промашен правец на дискусија.

Ова е неопходно да се постави, а инаку поради ваквиот пристап има една огромна парадоксална аргументација или аргументација која се врзува за предлогот во една претпоставена форма и се доаѓа дури до претпоставени заклучоци, а не до тези да кажеме, кои тешко логички да произлегуваат. На пример, се вели вака.

Прво, апстрактно се напаѓа бројката 111 и механички се оди на помала бројка, што значи не се изведува од аргументацијата на пример на создавањето на реални локални заедници, ако е неспорен тој поим па да се види кои се реални локални заедници во Македонија И не се укажува дали општините што се предложени се вештачки локалитети и не се укажува дали навистина се прават вештачки локални општествени и социјални заедници, за да може да се види дали се зголемил, се преформирал тој број и е неприроден за Македонија или произлегува од некоја логика. Одењето априори на помал број значи практично метод на мистификација на бројките. Не можеме да кажеме дали бројката 111 вистинската или е 65 - очигледно, во дискусијата на господинот Соколовски, а по таа логика и на Мурати, се подразбира некоја помала бројка, но таа не е кажана ни која е, не е кажана ниту рамка на некои помали бројки, а не изведена ниту аргументација Аргументацијата во последната дискусија, покрај тоа што тоа ќе чинело многу, натаму во дискусијата ќе видиме дали и колку ќе чини, е и една претпоставка која просто е несфатлива, бидејќи звучи неопходно дека ќе се создадела миграција меѓу богати и сиромашни општини и ако се создаде таа миграција меѓу сиромашни и богати општини тогаш во секој случај ќе се создаде и поголем број на центри, каде ќе се групира населението, наместо малиот број центри кои сега претставуваат места на групирање на населението од огромен простор, опустувајќи го тој простор и задушувајќи ги сегашните општински центри. Што значи, во секој случај, и ако се појави таква миграција, иако јас мислам дека таква миграција нема да се појави поради тоа што општините се дефинираат како функција на комуналните и урбаните потреби на граѓаните, со една советодавна или блага функција во областа на основните здравствени, социјални и образовни потреби, а не како институција која ќе ги решава стопанските и економските проблеми за да претставува фактор на

миграција. Мислам дека миграцијата е надвор од овие надлежности што ги има општината и што ќе ги создава.

Засега само оваа интервенција чувствував дека беше неопходна, а за низата други аргументи ќе се обидам на крајот од рас- правата да земам збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Соколовски, реплика.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Пред се би сакал да кажам дека малку е невообичаено господинот министер да интервенира после секое излагање, меѓутоа, претпоставувам дека се работи за принципиелни гледишта и се надевам дека во тој контекст беше интервенцијата од министерот.

Прво да кажам во моето излагање јасно кажав дека според Уставот општините немаат ингеренции во однос на глобалниот и регионалниот развој. Тоа е јасно кажано и мислам дека никаде во текстот не го спомнав. Меѓутоа, општините како единици на локална самоуправа, основни единици се покрај месните заедници, значи основни единици за локална самоуправа се надлежни за решавање на проблемите околу урбанистичкото уредување, односно комуналиите. Меѓутоа, многу логично се претпоставува дека со решавањето на овие два проблеми, па и нешто пошироко, сите оние ингеренции што ги има општината, практично општините треба да создадат амбиент за развој на некакво стопанство во тие единици. Јас пак прашувам, дали со еден лош амбиент кој постои во некои предлози во оваа бројка од 111 општини, каде што нема ниту теоретска шанса барем засега да се создадат тие основни предуслови за развој на стопанството и воопшто за развој на тие

краишта, може државата да планира некаков глобален или регионален развој. Сметам дека не.

Втората работа која би сакал да ја кажам е: јас спомнав помал број на општини, меѓутоа, не на база на математики и механика, туку врз база на чиста економска логика, а тоа значи треба да се оди на бројка која е оптимална од аспект точно на ова што пред малку го кажав, дали се тие општини според Законот за локална самоуправа и треба да бидат способни да се самофинансираат. Дали ќе може да се финансираат, дали тие ќе бидат товар како сегашните 34 општини, кои се 50% на буџетот - значи немаат можности да се само- финансираат, дали таа нова бројка ќе биде способна да се самофинансира или голем дел од таа бројка да не биде на товар на буџетот и практично индикативно, ако бидат на товар, дека сите други извори на тој буџет треба логично да се зголеми, за да може да се покријат тие трошоци. Значи, се работи не за математичко ниту аритметичко одредување на бројките, туку на чисто економско логично одредување на оптималниот број на општини кои треба да бидат во државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, глобално ценејќи ги потребите за донесувањето на Предлогот на законот за територијалната поделба, го поддржувам како таков, но мора да кажам нешто во врска со определбите во Законот при територијалната поделба и почитувањето на членот 15 од Законот за локална самоуправа.

IV/7.-

На територијата на општина Титов Велес се планира да се формираат три општини. Тоа е општината Градско, општината Богомила и општината Чашка. Пред десет дена Советот на месните заедници во општина Титов Велес со претставници од сите месни заедници одржа состанок и на тој состанок бевме повикани ние пратениците, а бидејќи на територијата од каде што сум пратеник се формираат две нови општини, најголемиот дел на забелешките на тој состанок произлегоа токму на оваа територија. Тоа е формирање на општината Богомила и општината Чашка. Додека општината Богомила прави една целина во горниот тек на реката Бабуна, така функционирала и порано ако гледаме и се развивала во еден степен во одредено време за да со укинувањето на општината почне да опаѓа развојот на општината од- носно таа општина да се намалува со населението со една голема миграција од овие населени места спрема Скопје и спрема Титов Велес, а сигурно и спрема Прилеп.

Општината Чашка мислам со вака поставена територијална поделба е една од најголемите општини, која се протега од Македонски Брод, Скопје па се до Прилеп и Кавадарци, со југозападниот дел на Клепа, па долу опфаќајќи дел од долниот дел на реката Бабуна и реката Топола. Вака поставена една територијална поделба на оваа општина, барем според мислењата на граѓаните кои живеат на овој простор не ќе имаат можност да си ги остваруваат сите оние локални потреби на кои треба да им даде приоритет токму законот за локална самоуправа.

Нивните размислувања, а сите така се согласија, и тие што, имаа барање да формираат општина, тоа е населбата Чашка и оние другите кои што не поднеле барање за формирање на општина, а мислеле дека со територијалната поделба бидејќи не поднеле барање да се формира

општина треба да останат во старата општина, значи немаше некои караници како што има во некои општини, барем не на тој состанок на кој сите присуствуваа, но бараа овде едно најлогично решение кое ќе претставува една територијална, па и да речеме од инфраструктурна изграденост на овие простори одредени целини кои треба да се дооформат во рамките на општина. Во што е случајот?

Ако тргнете од просторот на југозападниот дел на Клепа, каде што се селата Кајници, Фојница и Ораовец, тие имаат посебно барање, затоа што овие села кои слегуваат под Клепа спрема долниот тек на реката Бабуна излегуваат по еден сега прво селски и макадам ски пат на асфалтен пат и по тој асфалтен пат за пет километри треба да дојдат до центарот на градот, во Титов Велес, мораат да се враќаат назад седум километри до сегашното одредено седиште, општината Чашка. Значи пет километри до центарот на градот седум километри до општина Чашка. Затоа бараат бидејќи со ваквата поделба е логично тие да припаднат, односно да си останат во досегашната општина.

V/1/СС/лј

**ЈОВАН НИКОЛОВ:** (продолжение)

Ако го гледаме просторот во средниот дел н ареката Бабуна со реката Изворчица, ограничена од една страна со Клепа, другиот Плетвар и Баба, тоа е средниот дел на Бабуна и Изворчица со планинските масиви каде што живеат, опстојуваат некои помалку или повеќе населени места, почнувајќи од Степанци, Вазиловци Смиловци Крнино, Извор, Долно Врановци кои што и во поранешните времиња биле ориентирани према еден општински центар, тоа е Извор. Извор бил општински центар се до 19 51-1953 кога била територијалната поделба. Потоа во 1957, па во 1964 во друг општински центар. Сметаат дека претставуваат една целина која има изградено инфраструктура, а имаат железница, имаат асфалтен пат, имаат земјоделско стопанство, здравствена станица осмогодишно училиште, на т аа територија се наоѓа болницата Јасеновец, специјалната болница за туберкулоза"Јасеново" и два рудници кои функционираат во тој предел, тоа е рудникот за талк и за лискун.

Во оваа територијална поделба две села што секогаш припаѓале спрема овој општински центар, тоа е Извор, Оморани и Теово, сега се префрлени према општината Богомила. И овие две месни заедници односно нивните претставници сметаат дека ако се формира општина Извор тие треба да припаднат на таа општина. Ако не бараат изрично да останат, како и целиот овој простор на бившата општина Извор да останат во досегашната општина.

Третиот дел, географски гледано, а и со сите инфраструктурни, комунални објекти што се градени, претставува среднодолниот дел на реката Тополка и Мала Река., во кој што се распоредени селата Бањица,Отиштино, Раковец, Волозници, Чашка, н.Чашка,Ново Село, Крива Круша, Мелница, Врановци, и Лисиче. Претставуваат една целина која што во рамките на оваа локална самоуправа Чашка, можат да опстојуваат. Сметаат дека така групирани многу полесно ќе ги решаваат

основните потреби што произлегуваат и од Законот за локална самоуправа, во делот на градење инфраструктура и други комунални објекти. А, имаат и една стапка целина во тој дел, таму се наоѓа оранжериите на "Лозар", имаат исто така еден пункт на "Лозар" кој што функционира таму економски, имаат здравствена станица, осмогодипшо училиште и плус еден погон на фабриката за градежни мат еријали "Киро Чучук".

Друга една целина претставуваат селата Горно и Долно Јаболчиште. Тоа е навистина, се граничат према Скопје и према Македонски Брод. Поссгавени под Солунска Глава и Бегово. Тие бараат, затоа што стално врската им била, а таа поблиска врска географски гледано само заради тоа што досега многу малку е мислено во градењето на инфраструктурата, да си дојдат во општина Велес.

Зошто, образложуваат, таа им била стална врска, затоа што се наоѓаат во еден пасивен крај каде што во најголем дел се занимаваат со земјоделие, односно со сточарство и со одгледување на планински компир. Тие, како производ мора да го продадат на пазарот во градот, а никако во населбата Чашка. Исто, се што е сточен производ, дали млекото треба да го однесат на доработка во "Лозар" мора да го донесат пак во градот или производите од сточарство мора да ги однесат да ги продадат во градот, а со тоа ќе ги завршат сите свои работи што се од нивни интерес. Нормално, во овој предел мора да се размислува до изградување на инфраструктура, мислам, инфраструктурно тие се, мислам во најнеразвиениот дел. Многу пати се поставува прашање, барем сега во последните години да се изградат инфраструктурни објекти Не се изградени. Но, мислам дека оваа година нешто ќе почне. Може би еве, тука е Комисијата, тука е претставник на Владата, да се размисли да се исполнат и нивните желби, онака како што се поставени и како што беа поставени до овој состанок.

V/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Денеска ја гледаме првата фаза од Законот за донесување на закон за територијална поделба. Мислам дека уште на самиот почеток "територијална поделба" малку боде во очи. Македонија е доста делена. Нели би можело да биде територијална реорганизација, административна поделба, но се плашам да не биде политичка поделба.

На почетокот очекував дека министерот за правда ќе ни ја достави до нас пратениците Експертизата од Советот на Европа за ние како пратеници да ја погледаме за да можеме да ја прокоментираме и дискутираме во оваа прва фаза. Но, тоа не се случи, незнам дали е добиена експертизата?

В**ЛАДО ПОПОВСКИ:**

Територијалната поделба не подлежи на експертизам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Добро.

Сега, се наметнува едно прашање, кој е предлагачот? Гледаме дека пратеници предлагаат нови општини, предлагаат двајца членови на месна заедница, оној кој го има печатот од месната заедница и тој предлага, група граѓани. Сите луѓе предлагаат секој, предлага и добиваме стотици и стотици нови предлози. СЕ поставува прашањето дали не влеговме во една проблематика што тешко ќе ја разрешиме или е во игра политика, една подготовка за следните избори, бидејќи водењето на новокомпонираните општини, така наречени, што ќе бидат, што е еволуираат од 34 нови, 70, 111, сега се зборува за бројка од 150 и незнам што или се прават месни одбори на некои политички партии и тоа е целата игра на овој предлог на закон?

V/4.-

Кога станува збор за општината Свети Николе, сигурно тука нема никакви дилеми. Расчистено е. Лозово како природна, географска економска средина ги исполнува сите. услови и граѓаните и собранието даваат безрезервна поддршка за нова општина да биде Лозово.

Но, се наметнува друго прашање. Се наметнува прашањето дали ние како држава, од граѓански карактер, со граѓански устав, со новата поделба не се создаваат нови општини, бедејќи сите општини, постојните 34, ќе добијат нов тип, ќе станат, ќе се реорганизираат, ќе станат и тие нови општини. Ако во Уставот се кажува дека треба да се изјаснат граѓаните, со кое право Владата сега си зима за право таа да одлучува кои ќе бидат нови единици на новите локални општини? Мислам дека треба да се направи референдум во сите општини. И, не е ниту чудно ако добиеме 25о општини. Може да направиме секој македонец секоја општина.

Ако е во филозофија на изборите, на претстојните избори и тоа е нормално. Секогаш се повикуваме на искуствата во светот, се повикуваме на искуствата во Европа, ги гледаме нашите соседи. Искуства та од Словенија, на која земја мора да и заблагодариме за многуте закони што се препишани, бидејќи многуте закони што доаѓаат скоро се идентични, само малку се издокарикирани, кажуваат дека има многу нуз појави. Сега луѓето во Словенија не знаат што да направат. Ниту една нова општина не им функционира. Една општина како што е Дрмжале на самиот влез во Љубљана, не може да профункционира две години. Да не зборувам од економски и друг аспект.

Друго што загрижува, загрижува тоа што во преодните и завршните одредби во Законот за локална самоуправа државата ќе именува повереници. Мислам дека уште поголема централизација. Ако рековме дека треба да се раздвои државата од локалната власт, со ова се прави уште поголема централизација. Влегуваме во една нерасчистена работа каде што, доаѓам од место претседател на општина, со 13000 и нешто е

градот, општината 22.000, тешко обезбедуваме средства за да профункционира општината преку целата година.

Сега се прашувам оние други општини што ќе дојдат како ќе функционираат? Можеби на дел на општини што ќе се поделат во поголемите единици, како што е Скопје, Тетово, Битола, може би има луѓе има граѓани има место каде што ќе се собираат средства. Јас зборувам за една општина што по сите стандарди е некоја идеализирана општина од Европски тип со 13.00 0 градот и 22.00 0 општината, тешко функционира. Со стопанство и се. Овие нови општини како ќе функционираат, е прашање? Дали сите ќе легнат на товар на државата? дали сите ќе бидат буџетари? Што правиме сега. Од едни така сиромашни општини правиме уште посиромашни. Место да дадеме една поголема слобода на општините ги правиме уште позависни. Дали тие нови луѓе кои се гледаат како идни градоначалници во месните заедници знаат што ги очекува? Или ќе биде ова катастрофално, по владиниот предлог, бидејќи реков ова ќе се врати како бумеранг. Не може да профункционира. Или, ова е еден пробен пилот само да завршат локалните избори? Ако е тоа, има некое реално оправдување. Инаку, другата економска оправданост,. Мислам е никаква.

Се з зборува на големо дека ќе правиме ревитализација на селата. Ревитализација ќе правиме на селата после 50 години?Па, дали некој од пратениците ќе се врати да живее на село? Дали некој патениците бил во Источниот дел на Македонија? Не зборувам за запад. Во Источниот дел на Македонија знаете какви се селата? Тоа се старци во просек по 80 години. Како ќе ги ревитализираме. Општина ќе правиме, во просек треба да направат: Во оваа општина просек на староста на граѓаните ќе биде 80 години. Како ќе ревитализираме? Кој од тука од пратениците, кој од функционерите од Владата ќе се врати да живее на село? Како ќе ревитализирате? Онаа историска неправда што е 45 години, 50 години направена сега ќе ја преправиме со нови општини.

V/7.-

Како? Проблемот е, треба да се донесат луѓе. Општината ќе функционира само со луѓе. Ова е кабинетски изработено. Оној кој постави едно прашање, мислам дека го загатна министерот при неговото излегување на говорница, не кажа за забелешките за локалната самоуправа. Не кажа за буџетот. Не кажа дека дел од данокот на буџетот, општините не но добиваат иако е тоа дадено со законот, иако е дадено општините не го примаат. И ова е еден дел од проблематиката.

Сега, со новите укажувања дека ќе има дел на зафаќања од данокот на промет, така е кажано, незнам како ќе профункционираат тие мали општини? Сега се наметнува едно друго природно прашање, оние месни заедници кои бараат, не добиваат. Оние месни заедници што не бараат мора да добијат. Се натнува природно прашањето, испаѓа дека овој закон е типично политички.

Кога стана збор за детерминирањето на законот за локална самоуправа како едно степен, бидејќи нашиот закон за локална самоуправа е од едностепен карактер, се наметна прашањето каде што спореше министерот околу развојот на една држава. Нормално дека развој на една дражва се прави со економски мерки. Не се прави со политички мерки. Развој ќе правиме ние ако државата е економски богата економски јака.

Ние, што направивме? Во една апатија на државата кога не функционира ништо, кога стопанството тоне, кога општествениот производ опаѓа, ние најдовме една играчка, занимација на луѓето и одиме по општините, ги силиме, едни мора да бидете општини,

други нема да бидете општини или, најдовме една играчка на граѓаните да размислуваат. Во оваа фаза, да кажам каде што треба да се сконцентрира Владата на проблематиката околу економскиот аспект, ние сега се занимавме со проблематика околу територијалната поделба.

V/7.-

Да видиме, за проблематиката, еве ќе направиме и тоа. Распоредот на силите е јасен и се знае. Дел од пратениците на СДС, кои ќе побараат амандмани ќе бидат тие. Дел кои не бараат, нема да бидат. Не се запазени критериумите. Не слушнавме во воведното излагање од министерот кои се тие критериуми, основни критериуми, да се каже ова толку мора да има луѓе. Ова толку услови, туку е дадено по потреба, е, може да добие, е и не мора. Ќе видиме, на крајот ќе испаднат не 111 ќе испаднат 150 општини.

Кога станува збор за една малку суптилна работа на оној дел од Вардарот, Западниот дел, се прават општини што ќе бидат мал те. не етнички чисти. Дали ова не е опасност по демократијата, по сите граѓани во Македонија.

Зошто ова го зборувам? Јас доаѓам од ортодоксна чиста општина и не сум многу оптоварен. Но, да не ми се случи тоа што се случи во Босна. Зошто? Не е смешно кога ќе се направат чисти етникуми, ќе се направат големи антагонизми. Македонија може да живее само овака. Не може албанската популација да се избрише. Таа постои. Тоа е реалност. Со ова што се прави прегрупирање да се задоволат некои: апетити,некоја политика, мислам дека правиме голем а грешка. Отвораме некој фронт што не треба. Треба да се размисли на оваа тема. Зошто? Ова население живее со векови. Ова население живее со години. Сега правиме етникус, чисти средини. Ќе се направат големи антагонизми. За некого можеби ова изгледа смешна работа. Ќе видиме, времето оди брзо. Она што некој мислеше дека во Босна нема да се склучи се случи. Немој да ни се случи Босна.?! Немој задоволување на некоја политика да поминеме во крајност.

Кога станува збор колку ова ќе чини не слушнавме издржан аргумент, не видовме бројки што ќе чини и како ќе чини,
бидејќи уште не знаеме колку општини ќе има. Ако има нови 15о општини тоа би било со старите 30, значи, 120 општини. Во секоја општина

во секоја општина мора да има минимум 10 вработувања, минимум. Стои старо правило, ако она што е дозволен о со закон, односно не е забрането со закон е дозволено. Секаде ќе има по еден градоначалник, секаде ќе има по еден секретар, секаде ќе има, дали ќе биде претседателот на Советот платен или неплатен тоа уште не е уредено. Ќе има секретарка ќе има чувар, чистач, служба, уште нови 10 вработувања. Дали може оваа администрација што и така е на товар, и така не зима некоја плата, и така не на товар на државата што од ден на ден се множи, сега уште ќе ја множиме со 3000 или 4000 вработувања. Во прво се граѓаните кои работат во стопанствово дека политиката е погрешно водена. Во право се. Ние сега ќе правиме нова администрација. Нова администрација 10 вработувања. Бидејќи, законот не вели дека нема да има градоначалник, платен не вели дека нема да има платен шофер, не вели дека нема да има секретарка, да функционира мора. Каде се сега другите моменти? Каде се з градите, каде е уредувањето, каде се колите, сето тоа е на товар на државата. Не знам, може би сме доволно богата држава, јас не знам, може би ќе ме убеди министерот да се надеваме дека оваа моја дискусија не сум бил во прво. НО, времето ќе дојде брзо, ќе се убедиме дека сум во право.

И, посебно потенцирам за етничките средини. Тоа е опасна работа. Македонија мора да живее вака, хомогено, она што ќе се прават енклави е страшна работа за Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници

Денеска пред нас имаме уште еден предлог за донесување на закон за територијална поделба на Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

V/9.-

Во серијата на досегашните предлози предлагачот и овој пат се повикува на уставност, а не се почитува уставноста, се повикува на закон а не се почитува законот, се повикува на науката, а не се почитуваат научните начела.

VI/1.- JJ-ВБ

**РАМИ ТУДА:** (продолжение)

Се повикува на демократичност а не ги почитува основните принципи на демократичноста, се повикува на децентрализација на власт а се создава централна власт, се 'повикуваме на интересите на граѓаните, а всушност ги загрозуваме интересите на нашите граѓани.

Вратите за вакви проекти во нашето мултикултурно и бинационална реалност ги отвори новиот Устав по кој единиците на локалната самоуправа се лишени од виталните функции.

И последната верзија на Предлогот на единците на локалната самоуправа претставува деградација на локалната општина. Таа всушност еден вид месна канцеларија која кај граѓаните создава илузија за демократијата и самоуправата.

Јас не се согласувам со тоа што се вели во самото образложение дека со единиците на локалната самоуправа е направена суштествена промена. Да, направена е суштествена промена, меѓутоа несреќата е во тоа што промената е регресивна, затоа што со новата територијална поделба се рушат компактните територии, етнички, јазички, културни, природни, географски, стопански и др. Со новата територијална поделба се создаваат градски и селски општини односно богати и сиромашни, развиени и неразвиени. Едни со минимални функции а други со многубројни функции, едни привилегирани а други непривилегирани. Предлагачот поаѓајќи од одредени политички цели претпоставува дека со оваа поделба еднаш и за секогаш ќе го реши нерешеното албанско прашање како и прашањето на националностите во Македонија. Меѓутоа, сето тоа може да му се врати како бумеранг. Во населените места каде што живеат претежно албанци, а со новата територијална поделба се создаваат енклави се гетоизира албанското население. Така што албанците и националностите ќе бидат двоструко нерамноправни, т.е. нерамноправни во самата држава, што значи на национална основа и меѓусебна зависност од тоа каде живеат, дали ќе живеат во Скопје,

Тетово, Гостивар или Битола, Кичево или Охрид, Куманово или Прилеп и Крушево, во остварувањето на правата односно неостварувањето на правата ќе постојат разлики дури и во соседните единици на локалната самоуправа. Како за пример ја земам Струга, д,, ако биде вака и Радолишта, Велешта итн. Кога зборувам за ова село Радолишта е оддалечено само 4 километри од Струга.

Со. новата територијална поделба како да се сака да се уништи националното ткиво на албанскиот народ и на другите националности во Македонија. Затоа што на тој начин се атомизира нивното национално битие. Со оваа територијална поделба на една страна ги детоизира албанците, а на друга страна ќе се обвинуваат дека тие самите се гетоизираат. А што се однесува за употребата на албанскиот јазик во институциите на системот, во јавниот, политичкиот и административнито живот, овој проблем и понатаму ќе остане нерешен. На албанскиот јазик во единиците на локалната самоуправа му е одредено да служи само како средство за домашна употреба, а се тоа е последица на волонтаризмот на предлагачот.

Со создавањето на селски и градски единици на локалната самоуправа, селските ќе го отуѓуваат целокупното наследство и богатство што останува во град, а што е создадено со заедничка работа, напори и со заеднички средства.

Единиците на локалната самоуправа сега како општина, не само што нема заедничко со европската општина туку претставува антипод би рекол сурогат на Европската општина. Во загонетката на единицата на локалната самоуправа се скриени и едноцентрични тенденции. Сакам да нагласам дека загонетката на предлогот може да ја решава само демократијата. Кога се расправа за овој предлог, да не поаѓаме од позицијата на појакиот. Ова затоа што Законот на појакиот е најголемиот незакон. Токму затоа како што подвлеков граѓаните во селото

VI/3.-

Радолишта, Велешта и другите струшки села, албанците предлогот за донесување на законот за територијална поделба, значи овој предлог ги иритира. Тие не се согласуваат со таквата поделба која не ги почитува начелата што се прокламираат во член 12,13,14 и 15 од Законот за локална самоуправа. Ако целта за територијална поделба е да се ревитализираат селата и за да престане миграцијата село - град, се поставува прашањето, зошто скоро сите села од македонската популација се одредени за да бидат во состав на подрачната единица на локалната самоуправа во Струга.

На крај како заклучок сакам да истакнам дека Предлогот за донесување на овој закон и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа е неприфатлив затоа што има длабока политичка позадина.

Со право приговараат и граѓаните од месната заедница на село Радолишта кога велат дека со Предлог-законот за територијална поделба во РМ и определувањето на подрачните единици на локалната самоуправа што е спротивно со законот за локална самоуправа и неговите критериуми, без претходна консултација на населението од село Радолишта, наметнува нова општина со исклучување на најважните населени места до нејзиниот состав, со крајно политички и етнички тенденции. Своевиден пример во праксата на територијалната поделба на оваа општина е да биде опколена со граници од сите страни со друга општина т.е. Струга и едно населено место како што е Вишни да сообраќа низ општината Радолишта за да комуницира со градот односно со Струга. Постои фактот што село Октиси кое скоро е соединето со Вевчани и има околу 10 километри од Октиси до Струга, место да биде со Вевчани се предлага да биде во Струга, а овие села скоро се поврзани меѓу себе.

VI/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

**АБДИ ФАИК:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас мислев дека ќе бидам еден од првите дискутанти, меѓутоа не водам ред сигурно сум се јавил многу касно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Меѓу првите сте г-дине Абди секако, бидејќи зад вас има уште 50 дискутанти. Тоа ^начи вие сте меѓу првите.

**ФАИК АБДИ:**

Би сакал да се вклопам во дискусијата во врска со предлозите што ги чув од дискутантите, од моите колеги овде и да дадам свое одредено мислење за одделни прашања. Мислам дека поаѓајќи од класно националниот состав на населението во Македонија односно граѓаните, па и тука од нас пратениците, мислам дека доволно не го прочитавме и не го познаваме законот за комунална самоуправа што го донесовме и се однесуваме како да не знаеме дека ќе имаме развиени и неразвиени општини, и дека не знаеме дека поранешниот републички фонд за помагање на недоволно развиените општини го трансформиравме во агенција за помагање на неразвиените општини, подрачја и пограничните населби, а и Буџетот на Републиката, тоа значи дека тие што ќе бидат неразвиени, според мерилата, со кој ќе се направи проценка и тоа математичка операција почитувајќи неколку од тие елементи, ќе се дојде до потребата да се помага развојот на одредени општини и така лека полека ќе се дојде до нешто подобро и поубаво. И мислам дека не треба и ние овде да се залажуваме, како и граѓаните на РМ дека со донесувањето на овој закон и отворање нови општини колку ли

ќе бидат дека веднаш ќе бидеме побогати и незнам какви. Сигурно дека овој процес ќе трае подолго пет до десет години после формирањето на општините и оној што бил надвор од нашите граници на пример патувал малку во 51 земја сум бил, 14 пати сум бил во Франција, постои едно градче Ут, нешто поголемо од Куманово и поразвиено, и тоа уредено како аптека. Тоа е таа локална самоуправа. Белки нашите граѓани, нашите деца па и ние еден ден ќе доживеат како Ут, како Мира, Бо, како Бово во Франција и да не споменувам другите држави да имаме едно богато село, едно богато мало градче во рамките на една мала општина. Затоа ќе треба се да биде компатибилно како на запад, како тие што мислат како размислуваат како работат, како се организирани така и ние тоа да го правиме. Мислам дека не треба да се стравува од тоа што овде се изрекоа некои зборови дека со оваа територијална поделба ќе настане одредена штета во РМ, не треба да стравуваме од рамноправноста на граѓаните, на било кој начин. Треба да стравуваме од неравноправноста Ако семе равноправни нема од што да се плашиме и од што. Нерамноправноста носи проблеми, и политички и економски и социјални и др. Ја сум убеден дека нашите граѓани овие зборови ќе ги сфатат точно и на- место и лека полека еден ден нашите граѓани ќе бидат тука приближно, рамноправни како да немаме некои заблуди завидување итн. Еве пред малку имавме седница тука беше г-дин Пери, ние влегуваме во НАТО, па зошто да имаме страв, од што? Не треба да има страв. Тоа не е мала работа што влегуваме во НАТО.

Јас и мојот колега Амди Бајрам поднесовме еден предлог до Владата на РМ, односно Министерството за правда за формирање на нова општина Шуто Оризари. Тоа било уште при првите договарања со министерот Поповски, средивме еден материјал цел елаборат со релевантни податоци, меѓутоа во првиот предлог не немаше. После тоа не повикаа на разговор неколку пратеници а беа и неколку помошници министри заменици, разговаравме и на територијата на општина Чаир

VI/6.-

тогаш со предлогот во првата варијанта не стоеше никаде Шуро Оризари. Ако е општина Чаир ваква каде е Шуто Оризари. Откако се договоривме и со г-динот Шундовски дека сите урбанистички планови во било кој поглед се вика урбанистички план на населба Шуро Оризари, па се договоривме со г-динот Поповски да постои една алтернатива како што гледаме овде а нашето залагање е да не тоа алтернатива и да стои наместо број 7 после него број 108 општина како нова општина со населбите Горно Оризари,Долно Оризари и Шуто Оризари. Мислам дека малку е познато што е тоа, па и Горно Оризари да речеме едно мало село, Долно Оризари, тоа е всушност Шуро Оризари. На времето таму постоеја само две куќи. Притоа, морам да ви кажам дека во 1963 година во населбите на град Скопје Дуќанџик, Маџири а не Маџури, значи Маџир маало, Барутчии , Тенеќе маало, Топаана, еден најдобар дел од граѓаните заради обновата и изградбата на град Скопје мораа заради тоа што политиката беше таква, јас морав да бидам прв а да тие по мене, да ја формираме приградската населба Шуро Оризари. Тогаш се изгради и индивидуална градба и уште една населба во градот Скопје која што си ги доби сите животни потреби што следуваат на граѓаните. Да речам решена инфраструктура, да не зборувам за други потреби и населбата Шуро Оризари остана во една мизерија, во една беда, во кал со многу нерешени прашања, на удар на секој минувач на секој странец,но од 1990 година наваму ние како партија од сите делегати и делегации кои што доаѓаа за прашањето на РМ, дали националностите се рамноправно, ние ги знаев- ме нашите ставови. Знаевме дека еден ден ќе се реши прашањето и граѓаните од тој дел на град Скопје ќе си го добијат своето заслужено место, иако молчеа 50 години.

Мислам дека прифаќањето и формирањето на новата општина што ја предлагаме ќе биде одлика на политиката воопшто на РМ и ќе се гордееме со таа општина. Ние го знаеме законот за локална самоуправа, знаеме дека ќе бидеме посиромашни, но знаеме и тоа дека ќе добиеме

помош. Ќе бидат солидарни сите, како што и ние бевме солидарни зашто таму со министерот Шундовски шетавме и тој ме одведе во такви убави куќи како згради со платен комунален придонес, а се тоа се троши некаде на друго место, во центарот или на друго место. Па редно е нешто да се врати повеќе кај овој народ, да се направат тие улички. Ние таму направивме улички од 3,5 метра и не може две возила да се разминат. Сето тоа беше само затоа што немаше пари. Рековме нека бидат потесни ама да има. Нема канализација

**ФАИК АБДИ: (**продолжение)

Ги гледаме над тој скршен, астал да го inducedречеме. Понатаму, нас. Шуто Оризари. постои друга партија како Демократска прогресивна партија од која имаме согласност, граѓанска согласност, заедничка согласност, заеднички состанок, постои две месни заедници, едната не работи ништо, само еден човек што прима плата и порано што не работи, сега ќе ги активираме, ќе бираме Совет. Ја добив јас од Министерството за правда и се договоривме ние веќе во недела имаме состанок, заеднички состанок, па и горно Оризари, они веќе одржаа состанок, они се со нас секогаш и Министерството за права ќе добие соодветни документи, записници со потписи, со се за ова што ни е денеска бараме нова општина Горно Оризари, Долно Оризари, Шуро Оризари. Што знам за името ќе се договориме Шуто Оризари е Шуто Оризари. Тоа малку жители нема. Плус ние не сакаме да бидеме опкружени, сакам сите да ме слушаат и јавните гласила да знаат, ние не сакаме да бидеме опкружени во средина. Пред нас некоја си измислена населба Калајциев Гроб, зад нас Горно Оризари и цела Скопска Црна Гора како изворна единица, ние во средина. Зошто? Ние со ваквата територијална поделба ќе имаме македонци, ќе имаме албанци, ќе имаме бошњаци, ќе имаме роми и Македонија во мало. Зошто да не. Јас се надевам и ве молам вас пратениците да го прифатите нашиот предлог и сигурно би го оправдале постоењето на една ваква општина иако ќе имаме големи тешкотии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Николина Трајановска - процедурално.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Бидејќи претседателот истакна една бројка од 50-тина дискутанти,

би сакала да го слушнам списокот на следните дискутанти, а воедно да се договориме за начинот на работа. Дали ќе го почитуваме старото правило и ќе работиме до„17 часот, а продолжуваме наредниот ден или ќе имаме некоја нова шема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас сум во состојба по втор пат да го читам списокот. Не знам, дали се работи за недоверба, или се работи за чиста информација. Но еве го прифаќам предлогот на сугестијата и ќе го прочитам.

Г-дин) Атанас Вангелов, Вејсели, Лазаревски, Џамбазовски, Павлов, Србиновски, Живко Јанкуловски, Ратка Куљан, Биљали, Ферид Мусовски, Хисен Рамадани, Марковски, Шакири, Наќе Стојановски, Османи Илија Гоцевски, Беличев, Котлар, Трпеновски, Паунов, Тантаров, Минов, Ристо Трајков, Настевски, Трајаноска, Малиќи,. Пеце Трајановски, Славко Котевски, Ајдарага, Чапов, Горги Атанасов, Чифлиганац и Ризо Сулејмани и г-дин Таланџиоски.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Уважен г-дин претседателе, господа пратеници, малку Ве има, но доволни сте, г-дин.Министер

VII/3.-

*1 .Потреба*

Се осмелувам, врз основа на тоа колку внимателно ги следев излагањата на досегашните дискутанти, да кажам дека се изделуваат две генерални, донекаде опонентни гледишта.

*Првото* гледиште не само што не ја става под сомнение потребата од донесување Закон за нова територијална поделба на Република Македонија, туку таа потреба ја квалификува како мошне голема, ако не и - ургентна.

*Второто* гледиште ја става под сомнение таа потреба, врз основа на критериумот *време* на одржување модел на територијална поделба. Според тој критериум, сегашната територијална поделба на триесетина и неколку општини, која се одржала околу триесет години има, во споредба со други што имале многу помала трајност, свој валидитет.

Ќе кажам веднаш: спаѓам во редот на оние што сметаат дека е неоспорна потребата од донесување Закон за нова територијална поделба на Република Македонија.

Тоа брзо и категоричко изјаснување ме обврзува, истовремено, да се изјаснам и за оние гледишта:
кои, макар на индиректен и благ начин, ја ставаат под сомнение таа потреба; кои, на предлогот на владата и го спротивставува постојниот модел на територијалната поделба на Република Македонија;
модел кој, како што се рече, повеќе или помалку успешно сепак, функционира, во еден период од триесетина година.

Нема сомнение во тоа дека општината, дефинирана како социо - политичка единица покажала, преку моделот триесет и неколку општини на Република Македонија, најголема отпорност и најмногу издржливост во споредба со други, модели испробани модели;

Нема, исто така, сомнение дека секој модел ги црпи својата отпорност и својата енергија од својата функционалност, што треба да каже дека - секој модел на општини постои толку, колку што е во состојба

да ги исполнува своите иманентни функции, а пак појавата стагнација се изјаснува како прв симптом на процесот деградација, доказ дека некои функции се блокирани или исклучени.

Не може да има, доследно на тоа, ниту сомнение дека, во согласност со сегашниот Устав кој, во бинаризмот: *единка / колектив* тежиштето го става врз единката, критериумот време на одржување еден на модел е, просто, невалиден.

Кратко и едноставно речено: тоа што било функционално за Македонија до 1990 година, не може да биде, функционално за Македонија по 1990 година.

Ако е радикално променет глобалниот социоамбиентот, врз основа на фактичко и практично напуштање на вредносен систем кој, типувајќи на идеална и дефинитивна иднина, бил принуден да ја игнорира стварноста, со право ќе се очекува: тие промени да се изразат неизиоставно и безусловно во единиците кои го образуваат тој глобален социо - амбиент Оти, ако не се изразат, нема теорија според која може да се промени глобален социо-амбиент кога неговите елементарни единици останале непроменети.

Мислам дека тоа што досега го изложив ме овластува да кажам дека немаат основа оние станивишта кои веруваат дека е можно да се задржи сегашна општинска структура само затоа што опстанала триесет години, при се што не се оспорува фактот дека квалитетот на животот е драматично деградиран. При се што се подразбира фактот дека изворите на таа деградација се системски и концептуални. Како што не се оспорува и фактот дека таа деградација, како и секоја деградација е последица на системска и концептуална генетска грешка.

*2. Дијагноза*

Искуството не учи дека: лесно се идентификуваат недостатоци, потешко се дефинираат и - најтешко се отстрануваат. Или - затоа што недостатоците имаат особина сами да се легитимираат, тие лесно се уочуваат, потешко се именуваат и најтешко се отстрануваат.

За тоа даде колку убедливи, толку и драматично докази господинот министер за правда, во својата систематска и, по многу нешта, ефектна, уводна експликација: како за потребата од нова територијална поделба

на Република Македонија, така и за погодностите што треба да произлезат од тој неопходен, територијално - хируршки рез.

Опишувајќи ја состојбата во која се наоѓаат општините на Република Македонија, министерот Поповски се послужи со еден сликовит речник кој е многу помалку јуристички и многу повеќе медицински.

Кажа, на пример, дека "*хронично се болни сите градови во Република Македонија* ". Таква хронична болест ги зафатила, според неговата дијагноза, сите социо - сегментите: урбанизацијата, комуналиите, социјалата, образованието, културата итн. Градските јадра се, како што подвлече тој, разбиени и "*задушени од огромни концентрични прстени*". Еден од главните виновници за таа подмолна болест која допушта да се именува како урбан дијабетис, а "кој најнагетивно се одрази во минатите триесет Години" е, според дијагнозата на господинот министер и на неговата стручна екипа, *"територијална поделба којашто конечно се дефинира во 1964-1967 Година и се укина*", пак според неговите зборови, "*многу пофункционална поделба којашто беше некаде на ниво 1955 Година 171 општина, а на ниво 1958 Година 71 општина".*

Последиците на тој, сликовито речено, урбан дијабетис се катастрофални. Една од најкрупните е неприродниот демографски раст на градските центри кој се базира врз механички прилив на население во еден правец и кој систематски ги празни сите други населени места. Таа внатрешна миграција во една насока довела до тоа приближно 83% од населението на Република Македонија да се концентрира на 1/3 од нејзината територијата, додека пак вознемирувачки мал процент од само 17% население да покрива територија од 2/3..

И не само тоа.

Тешко е да се дадат засновани приговори на таа и таква дијагноза од господинот министер. Може, меѓутоа, да се приговори од гледна точка на увереноста дека само територијалната поделба е таа која довела до катастрофални последици и, доследно на тоа, дека некој радикален зафат, во тој домен, би можел да ги неутрализира катастрофогените агрегати.

Ако, веќе, лесно може да се погоди дека јас сум склон, во една видлива степен, да го ублажам радикализмот во критиката на концептот триесет и неколку општини за Република Македонија, кој времениот го

изложи господинот министер; ако сум склон, во иста мера, да го смалам неговиот имплицитен оптимизам кој сугерира дека, на пример, бројката од 111 општини е волшебна и семоќна броја, меѓу другото и затоа што таа бројка располага и со едно скриено и ефикасно општинско оружје, какво што е оружјето: јасна и строга демаркациона линија меѓу рурална и урбана целина;

ако бранам таква склоност, ќе биде неопходно, тогаш, и образложам:

врз основа на што сметам дека треба да се примаат, со резервава, како неговиот критички радикализам по однос на постојниот мега-оппггинизам, така и неговиот видлив оптимизам по однос на мини-општинизмот, кој го детектирам не од тоа што го изложи господинот министер, туку од тоа што пропушти, намерно или не, да го нотира како активен фактор.

Кога укажувам на тоа мислам, во прв ред, на следново.

Општината, како единица на социо-систем има иста природа и, согласно со тоа, се однесува како која било единица во кој било систем кој функционира: биолошки систем, механички систем или семиолошки систем. Како што во билогијата, механиката и семиотиката една единица, не е само средство и не е само цел, така и во даден социо-систем општината не може да биде само средство или само цел. Таа е средство и цел истовремено. Мора да постои како ентитет (супстанца) за да исполнува соодветни функции, а може да постои, од друга страна, само и само тогаш кога е - во состојба да ги исполнува тие функции.

Доследно на тоа:

кога е на дело, на пример, генерален концепт кој програмира конституција на месијански пролетаријат со месијанска историска улога ; чиј работен и егзистентен домен е индустријата, а не земјоделството; кој се лоцира и се концентрира по градови кои, од своја страна, тендираат кон тоа да станат мастодонти;

кога, согласно со тоа, градовите стануваат: locus amoendi, ветена земја, социјално атрактивни и егзистентно лукративни по споредба со селата; затоа што, на пример, една генерална економска политика, во еден период од педесет години, брани паритет на цени за околу 70% во полза на индустријата, а на штета на земјоделството; неопходен механизам да се контролира и репресира селанството, затоа што се

дефинира како склоно кон ситно-сопственииштво кое, со тек на време, се преобразува во крушочхшственшптво; но и да се фаворизира и мултиплицира пролетаријат, како социо- авангарда, социо-локомотива или соцо-динамо-машина; а сето тоа во - согласност со волшебна формула која вели: индустријализација + електрификација = на комунизам;

кога ќе се имаат предвид тие, како и многу други елементи чија листа е неисцрпна

не ќе биде тешко да се заклучи: дека актуелниот општински концепт, кој се одржал триесет години е последица на економско - политички систем, а не причина на тој систем; дека промената на таков општински концепт е императивна во околности кога дошло до промена на генералниот економско- политички концепт; дека, само кога е доследно, ригорозно и прецизно изведена од генералниот концепт, може да значи нешто; дека, самата за себе и самата по себе, не значи ништо; дека, сегашниот мега-општинизам ни од далеку не е творецот на сите зла; како што идниот, проектиран, мини-општинизам нема стане, по еден автоматски начин, творец на сите добра.

*3. Промени*

Ако е сосем јасно дека промените, во тој домен, мораат да бидат во полна согласност со генералниот економско- политички концепт;

ако со право на неколку места во Законот во кој се предлага посебно се подвлекува, а имено:

кога се нотираат причините да се донесе таков закон;

кога се формулираат начелата врз кои се заснова и

кога се каталогизираат неговите цели сосем јасно ќе биде, исто така, дека нашата работа ќе се состои во тоа да оцениме:

колку е фактичка согласноста на Законот со генералниот концепт, а не декларативна и со тоа фиктивна;

колку се оперативни и продуктивни неговите начела;

каква е компатибилноста на текстот на Законот со неговите предложени начела.

Од тоа што досега го реков, уважени господа пратеници, може да заклучи, без особени тешкотии, дека многу повеќе се повикував на усното излагање на господин Поповски  и многу помалку на текстот од

VII/8.-

Законот, односно на оние партии во кои се даваат објасненија за неговите причини и цели.

Така постапував затоа што, едноставно, бев присилен така да постапувам; затоа што неговото уводно излагање, според мојата скромна проценка, беше далеку поуспешно и поубедливо, отколку оние партии од Законот што требаше: на економичен, брз, прегледен, недвосмислен и, со тоа, на авторитетен начин да ни го соопштат тоа што самиот го соопшти.

Сега засега, нема да зборувам за таа и таква страна на предложениот Закон. Нема да зборувам затоа што не сакам да стекнете впечаток, дека мене многу повеќе ме занимаат форми и формални страни на некое прашање, а многу помалку материјални, односно суштински. Значи: 6 давам предност на содржината, по однос На формата иако, како што се знае: првото не може да се раздели од второто.

Начелата врз кои се заснова Законот не се и не може да бидат спорни затоа што тие резултираат од Законот за локална самоуправа, на што впрочем, и се укажува. Би можело да биде спорна категоријата *географска целост* кога е таа оптимална од една и кога е, од друга страна, минимална. Едноставно кажано, една географска целост може, како магистрално начело, да даде, како резултат, општина од 80 или 100 000 жители, но и општина од 800 жители.

До колку се точни наводите од приговорите на господин Џеладин Мурати, тогаш, би можело да се тврди дека новиот Закон санкционира такви состојби кои ќе произведат лилипутански на една и гуливерски општини на друга страна. И лилипутанизмот и гуливеризмот од општински тип ги црпат својот легитимитет и својата енергија од начелото географска целина кое, како и секое начело, треба стриктно да се почитува оти, како што се знае, начелото кое не се почитува или не е начело или дава, за резултат, негативни ефекти.

Географската целост или "поврзаност" како што е кажано во Законот се поставa, како категорија на прво место, по однос на категориите "економска" и "функционална" поврзаност. На тој и таков редослед не може да му се даде никаков приговор. Не може да му се даде затоа што:

1) начелната серија тргнува од физичката категорија простор, во кој се остварува релационата категорија економија која, од своја страна, се идентификува како збир од функции (односно серија програмирани дејности);

2) начелата: "*заеднички интерес на граѓаните'* и "меѓусебна соработка на единиците на локалната соработка' се однесуваат кон првото начело онака, како о се однесува, на пример, "*економската поврзаност"* кон "*Географската поврзаност*

Просто речено: онака, како што не може да се замисли една економија без географија, така не може да се замисли некој "заеднички интерес" без соодветна "*Географско- економска - функционална поврзаност"*. Првото е рамка и простор за второто. Затоа што е животен простор за второто, може да се рече дека е: оживеан или простор на самиот - живот.

Ако докрај се следи предложената логичка линија, неизбежно ќе биде да се каже дека новиот Закон, во онаа форма во која се предлага, ќе произведе некои оптимална или гигантски животни форми како простор (општина од 80 000 жители) и некои минимални (општина од 800 жители). Само од себе се разбира дека првото би било некој вид необично сложен, развиен, нијансиран и екстремно специјализиран организам кој, по сложеност и совршеност може да се споредува со организмот на човекот, а пак второто би било некој вид еднокелиен општински жив организам кој може да се споредува со - амеба.

Станува веднаш, очигледно, уважени господа пратеници:

дека генералната категорија, која и во пописот начела го зазема и приматното и примарно место како што, впрочем, и доликува на секоја генерална категорија;

дека токму таа категорија генерира, макар и во мал број примероци, макро-општински организми на една и микро - општински организми, на друга страна.

Ако генерира, покрај нормални општински организми, кои, според зборовите на господин Поповски се димензинираат на на "*помали или мали општини*"; такви општини што ќе "*бидат значително помали од постојните"* кои сега зафаќаат некои "*700 до 850 квадратни километри*" со по "*170 илјади жители во просек*" има смисла да си ги поставиме прашањата:

дали, воопшто, може да се елиминира тој генератор?;

како може да се елиминира?;

или, до колку не може да се елиминира во целост?;

како да се сведе на оние димензии кои се само толку пожелни, колку што се - неизбежни?

Ќе кажам веднаш и недвосмислено:

мислам дека - може!;

мислам дека може да се елиминира тој генератор ако не во целост, тогаш да се редуцира на онаа степен која, како што веќе реков, станува пожелна со тоа што е неизбежна.

Кога го велам тоа мислам, во прв ред, на следново.

*4. Начела*

Магистралното начело географска поврзаност кое има приматна и приоритетна таксативна позиција по однос наим начелата што следуваат проблематичен приоритет и проблематичен примат.

Во што се состои таа проблематичност?

Познато е, уважени господа пратеници, дека начелото географска целина е, по својата природа, квантитетно начело. Затоа што станува збор за квантитетно начело, некако само од себе се разбира дека некаде ќе ви се појави општина од 80 000 жители, а пак некаде од 800 против кое не можете ништо, до колку не сакате да го изневерите самото начело.

На свој начин укажа на тоа и господинот министер кога потсети дека ние, во одделни региони, имаме густина на население која е прва во Европа со околу 700 жители на квадратен километар и региони со 0,3 жител по квадратен километар. Тој ги соопшти тие податоци за да разјасни до што довел концептот на сегашната територијална поделба, со што не би можел да се согласам, затоа што:

1) на тој начин, наполно се амнестира од одговорност улогата на начелото географска целина;

2) сета вина и одговорност се става на душа на политичката волја која предложила и која остварила таков концепт.

Категоријата географска целина има не само квантитет, туку и - квалитет. А пак квалитетот е, како што се знае, поважна категорија од категоријата квантитет. Затоа што е поважна, можна е голема концентрација жители на мал простор и мала на голем. Не само политичката волја, туку и условите, квалитетите на просторот е тој што привлекува многу жители на мал простор и малку на голем. Поинаку речено, големата географска целост со лош квалитет дава голема општина по територија и мала по жители, а пак малата географска целост со добар квалитет дава мала општина по територија и голема по жители.

VIII/3.-

Уште во *Политиката* на Аристотел категоријата квалитет се нотира како приматна и приоритетна по однос на начелото *Географска целина*, односно како надредена по однос на категоријата квантитет. Ќе си допуштам, уважени господа пратеници, да потсетам:

1) како се дефинира категоријата *квалитет* како приматна и приоритетна за концептот *Географска целина* и

2) како се позиционира таа категорија во корпусот особености кои го дефинираат концептот географска целост.

Во четвртата глава од седмата книга на *Политиката* во која знаменитиот филозоф зборува за големината на античкиот полис и за неговите жители, тој вели дека "*постои мера за големината на еден град, како и за сето друго: животните, растенијата, ородијата*".. Мерата е, според зборовите на филозофот на кој потсетувам, мера тогаш кога е во согласност со природата било на градот, било на животните, било на растенијата или на алатите. Премногу голема, или пак премногу мала мера е доказ за дегенерација, за контрадикција меѓу природноста (= суштина) и појавноста (= еднакво на материја) од даден ентитет.

За да ја појасни таа своја теза, знаменитиот филозоф се служи со следнава сликовита споредба. Вели дека брод со големина од еден емпан (= 0, 22 метри) "*воопшто не може да биде брод*", како што не може да биде брод оној со големина од 2 стадии (=1200 метри). Значи бродот би требало да биде голем 2400м. во античко време

Тоа што важи за орудијата (бродот е орудие за пловидба), за животните и за растенијата кои треба да бидат во полна согласност со својата природа, важи, според зборовите на големиот антички филозоф и за градовите кои, според моето скромно мислење, допушггаат споредба со тоа што ние сакаме да го постигнеме како урбана средина. Се повикувам сега на Аристотел во врска со урбаната средина.

*Подеднакво е така - се вели во Политиката - и со градовите: оној град што има многу малку жители не е автархичен (а пак градот е автархичен), додека оној што има премногу жители е доста автархичен за неопходните работи, како што се жителите, но не и како град, затоа што не е лесно да се установи структура на град"(Aristote: Les Politiques. – Paris, GF-Flammarion, 1993, VII, 4, 1326-a, 1326b).*

Еден град е автархичен, според зборовите на филозофот на кој се повикувам, по ист начин по кој и некоја географска целост или тло е автархично. Географската целост или тлото се автархични тогаш кога, според зборовите на Аристотел, "*ништо не им недостига, кога се доволни од себеси и со себеси"* или, упростено кажано, кога имаат

доволно извори да останувaат, да се развиваат и да напредуваат. Нема да се претера ако се рече дека категоријата *автархија* која (кај Аристотел) се поврзува како со една географска единица, така со античкиот полис, одговара на тоа што ние го именуваме денес и, вообичаено, како *самоуправа* од локален, општински тип.

Ако израз на мерата, според која се утврдува колку еден град е, како и се друго, во согласност со неговата суштина или природа е категоријата *автархија*, тогаш е важно и прво за секој град, пак според зборовите на Аристотел, "*неговиот капацитет*", а не неговиот квантитет. Под првото треба да се разбере: способност да опстанува, да се развива и да напредува. Под второто треба да се разбере неговата физичка големина: по територија и по жители. За да разјасни колку е важен капацитетот на еден град како прво начело и, со тоа, надредено по однос на начелото квантитет, големиот филозоф се служи со следнава, сликовита споредба:

*"Всушност, според Големината на бројот жители, некои судат дека градот е голем, макар што повеќе вреди да се земе предвид не квантитетот, туку капацитетот. Затоа што градот е исто така, определена дејност која треба да се исполни, така што единствено функцијата е таа што има капацитет да го води до неговата цел, која треба да се гледа како поголема онака, како што би се рекло дека Хипократ е поголем не како човек, туку како лекар во споредба по сопственост со некој кој го надминува Хипократа по раст (Ibid, VII, 4, 1326a).*

Или, ако е допуштено и јас да се послужам со сликовита споредба, врз основа на споредбата на големиот филозоф, би можел да кажам: господинот министер Владо Поповски кој ни предлага Закон за територијална поделба, не може да биде поголем министер од ех-министерот Туше Гошев само затоа што последниов е евидентно помал по раст; тој би можел да биде поголем министер само тогаш ако ни предлага поквалитетни закони од законите на ех-министерот Туше Гошев.

Врз основа на тоа што се изложи во овој раздел, слободен сум да резимирам.

Категоријата *автархија* е материјализација на генералната категорија квалитет за една *географска целост* која, од своја страна,

има примат и приоритет по однос на, исто така, генералната категорија квантитет.

Сега ќе ја изложам својата критика на начелата на овој закон.

Нема, господа пратеници, експлицитни елементи во предлогот на Законот за територијална поделба на Република Македонија од кои може да се види дека се уважува таа категорија по начин по кој го заслужува, согласно со нејзиниот карактер и: улога.

Би можело да се приговори дека: кога се нотира, на пример, како магистрално начело: "*географска, економска и функционална поврзаност*" кои образуваат целост, имлицитно се уважува категоријата *капацитет* со простиот факт што целоста е егзистентна од една, а пак меѓу самите целости постојат разлики кои се во врска со квалитетот, односно во врска со тоа што Аристотел го именува како *капацитет* на целост.

Ако се прифати и ако се уважи еден таков приговор, се прифаќа и дека: природата, а не човекот е тој што пишува закони, а пак ако веќе пишува, тие треба да се усвојуваат во парламентот на природата. Се разбира дека, во практика, тие работи стојат поинаку: во практика човекот е тој што прави закони и тогаш кога открива дека се тоа закони што веќе ги "напишала" природата, односно: дека тој е во состојба да направи некој добар закон само, тогаш кога тој закон е во доволна согласност со природатаили стварноста.

Со тоа, господа пратеници, само сакам да кажам, дека:

1) предложениот Закон не го уважува начелото *капацитет* според кое се организира, дефинира и реализира еден простор кој ние го нарекуваме општина;

2) таква улога му препушта на едно *квантитетно* начело кое се искажува како просторна единица, образувана од компонентите географија, економија и функција;

3) улога која не би можела, а да не се изрази негативно во онаа сфера, во која се врши операционализација на предложените начела и, специјално, во член 8 од предложениот Закон;

4) на таков начин кој санкционира неприродни диспропорции во распон од 80 000 жители за една општина наспрема 800 за друга.

VIII/6.-

За таа појава, за тој тип диспропорции кои самите по себе се индикативни, кои самите по себе сигнализираат генетска грешка во системот кој се нарекува.;закон за територијална поделба, исцрпно, директно и нагледно зборуваше г-дин Џеладин Мурати.

Тој мошне добро ја уочи таа диспропорција со право ја идентификува како дефект на самиот закон и предложи ако се сеќавам добро , неизоставно да се отстрани.

Сега ќе скокнеме една расправа на оваа тема бидејќи малку сте нестрпливи, па ќе се погрижам да објаснам како се операционализирани начелата од овој закон во седумте члена од првиот дел односно во осмиот кој претставува втор дел на тој закон.

Член осум од Законот за територијална поделба на Републиката Македонија е - Ватерло за неговите Начела. Таму, само таму и токму таму се проверуваат: нивната валидност, нивната инвалидност и нивната ликвидност.

И не само тоа: на тоа, сликовито речено, бојно поле фактички се проверува: колку и дали творецот на Законот ги уважувал нотираните начела?; колку и дали ги материјализирал во јасни и недвосмислени стандарди истите начела?

Само мала непрецизност, само мало прогледување низ прсти, само благо замижување пред Начелата или пак нивното нежно дерогирање можат да се претворат г во катастрофа за Законот. По истиот, начин по кој, само капка, или само неколку калки дожд, ја одредија, според зборовите на Виктор Иго, судбината не само на Наполеон, туку и на Европа во минатиот век.

*"Ако не врнеше - објаснува Иго - ноќта меѓу 17 и 18 јуни 1815 година, судбината на Европа ќе беше поинаква. Неколку капки дожд повеќе или помалку Го натераа Наполена да свитќа опаш. За да стане Ватерло крај на Аустерлиц му беше потребно, на Бога, малку дожд, а пак еден облак, кој мина преку небото и наспроти карактерот на*

*годишното време, беше доволен да се урне цел еден - свет*"( Les miserables, I, 317).

Кратко речено: малите, невидливи и запоставливи нешта; микроскопските намерни или ненамерни пропусти; неупадливите споредности и детали; сето тоа, во крајна консеквенца, се изразува како крупна, често катастрофална, последица. Како кај човек кој, во текот на цел живот, цевки буруњa виски, а умира од - капка.

Јас сум уверен, господа пратеници, дека владиниот министер за правда господин Владо Поповски токму тоа го имаше предвид кога, во својата уводна реч, го посочи следново: "*Закон е сложен затоа што засечува во повеќе конституирани интереси и позиции не само на определени подрачја туку и на цели структури".*

Иако е поумесно да се каже дека некој закон е остар а не сложен, кога може и знае да засечува во некои, веќе, одамна конститурирани *интереси* - еуфимистичка формула за, фактички, неоправедно стекнати општински позиции и привилегии;

иако само *острината* е таа што *засечува,* а пак *сложеноста* мери, премерува и смета со милиметри и милиграми, а пак кога *засечува*, по правило користи скалпел или ласер, а не касалски сатар;

иако сето стои, некако поубаво, појасно и поелегантно како *острина*, а не како *сложеност*

имам, господа пратеници, доволно причини веднаш да се согласам со господинот министер кога оценува дека законот *засечува*, а пак самиот *засек е*, веќе, *сложеност*. Се согласувам, меѓу другото и затоа што *сложеноста* постои, независно од тоа што не постои толку во инструментот, колку што постои во организмот во кој таа *засечува*.

Тој организам, организмот на Република Македонија, кој треба да биде фрагментиран така, што секој фрагмент да може да функционира автономно на ниво на единица, а компатибилно и хармонично на ниво на целост.

За тоа врз основа на - *што* засечува предметниот закон, станува збор во начелата на Законот. За тоа – *како* засечува самиот Закон, станува збор во текстот на Законот кој содржи само осум членови (значи во прашање е краток Закон, со необично малку членови, а пак текстот на Законот е поделен на два дела од кои во првиот дел влегуваат седум во вториот 8 во нив се нотира техниката на засечување. Вториот дел е

составен од еден член кој содржи 111 точки. Тоа се, поправо, резултатите од *засечувањето*

*6.1. Конкретизација*

Се ограничувам, сега, само на едно решение, прекрасна и елоквентна последица на опишаните операции. Се ограничувам само на едно решение од можни 111, колку што се даваат во член осум од предложениот Закон, затоа што располагам со доволна, ако не и комплетна документација, за тоа решение.

Таа документација ќе ја соопштам во систематска форма. Самата систематика е потребна за да се оцени, на дело, колку самото решение уважува конкретна, фактичка состојба; колку фактите се тие кои го условуваат решението, такво каково што е, а колку: слободното уверување, слободната волја, произволноста или опортунизмот се тие пгго довеле до токму такво решение, какво пгго се предлага.

Решението на кое ви обрнувам внимание, уважени господа пратеници е, всушност, детализација на член 8. Таа детализација ја фрагментира сегашната општина Гевгелија на три општински центри кои се именуваат: општина Гевгелија, општина Богданци и општина Дојран. Доволно е, веќе тоа, да каже дека и во таа област, Министерството за правда, заедно со неговата стручна екипа, идентификувало некои "*конституирани интереси*", во кои треба да се "*засече*".

До колку не би било така, воопшто не би се присталувало кон "*засечување*". Не би се пристапувало, меѓу другото, и затоа што сегашна општина Гевгелија ни од далеку не е некоја мастодонтска општина од 175 000 жители, димензија што ја осуди господинот министер. Напротив, таа има одвај солидни, пожелни и прифатливи, според мерата на новиот Закон, триесетина илјади жители.

Со тоа што се пристапило кон *засек* на едно примерено, нормално и пожелно општинско тело, допуштено е да се мисли дека постојат, во таа општина, "*конституирани интереси*" кои, во практика, се изразувале како повластци за еден општински центар и како неправда за негови единици.

*6.2. Интереси*

Дека се фактички, а не фиктивни тие интереси; дека биле активни и оперативни; дека, како резултат, генерирале: недоразбирања, тензии, конфронтации и конфликти, зборува една, за наши околности, долготрајна историја, во која, некогашната општина Богданци работи на

да се издели од сегашната општина Гевгелија, образувана и обликувана во периодот 1964-1967 година, според зборовите на господинот министер.

Еве ја, во груби црти, историјата на таа работа.

Во 1964 година општина Богданци, во која спаѓа и сегашната територија на општина Дојран, проектирана во новиот Закон, се приклучува кон општина Гевгелија. Така установената општинска хармонија трае десетина до дванаесет година.

Веќе, во 1976 година, Богданчани се обраќаат до тогашниот Извршен совет на Република Македонија. Тие бараат да се изделат од општина Гевгелија. Извршниот совет, од своја страна, го одбива тоа барање.

Во 1978 година такво барање се презентира пред Собранието на Македонија. Тогашните собраниски делегати постапуваат онака, како што постапил, пред две години, тогашниот Извршен совет.

Следува годината 1980 во која постојат нешто како расположение и нешто како волја за нова територијална поделба на Република Македонија. Расположениeто и волјата се на државните и партиски органи. Се покажува, меѓутоа, дека расположението и волјата биле привидни.

Тие што бараат, во таа година, нова територијална поделба, си остануваат со прстот в уста. Тогашното Собрание на Републиката, по сугестија на тогашниот претседател на ЦК СКМ, ја симнува од дневен ред веќе подготвената точка за нова територијална поделба.

Три, по секоја веројатност, најупорни единици, а имено: Ростуше, Ново Село и Богданци пак се обраќаат, во 1985 година до Извршниот совет со барање да образуваат самостојни општини. Извршниот совет, како што може и да се очекува во такви околности, одговара негативно.

*6.3. Изделувањето*

Тоа за кое толку неуспешно, во тек на дваесет години, се борат Богданчани им доаѓа, сега со новиот Закон за територијална поделба, како дар од - бога.

Со даровите, господа пратеници, работите стојат како и со - коњите. Ним не треба да им се гледа в заби. Не само кога се божји, туку и кога се владини.

Има, меѓутоа, случаи кога е неизбежно да се прави спротивното: да им се бројат забите не само на коњите, туку и на даровите. Броењето е

неопходно тогаш, кога коњите се тројански, а пак даровите данајски.

Се зборува дека има нешто тројанско и се зборува дека има нешто данајско во сегашниот, галантен владин дар за Богданчани кога, место да бидат одушевени, восхитени и бескрајно благодарни, тие се либерално разочарани и демократски бесни, како еден познат господин демократски првак, на претходната, парламентарна седница.

Ако нема нешто тројанско и ако нема нешто данајско во галантниот владин дар, спакуван во член осум од Законот за територијална поделба, тогаш нема друго и - не би можело да има друго освен да се помислува:

Тие Богданчани и не знаат да се восхитуваат; тие и не знаат да се воодушевуваат и, што е најчудно, не знаат не само во бескрајна, туку и, пристојна форма, да изразуваат благодарност кон докажано плурална, а не како некогаш, сингуларна влада, која константно, во тек на дваесет години, ги одбивала. Тие, кога се разочаруваат место да се одушевуваат, се однесуваат така, како владата да им сторила нешто кое, досега, не им го сторил - никој.

Постои, за тоа "сторително нешто", еден многу убав, многу сочен, многу популарен и многу практикуван колоквијален израз. Тој израз, ќе пропуштам да го употребам затоа што е, во секој поглед, општопознат од една, и затоа што спаѓа во стилскиот арсенал на отворената, улична демократија, од друга страна. Од тие причини минувам на тоа што следува, а следува прашањето:

Што им стори владата на Богданчани, за да ги разочара толку масовно, толку комплетно, толку длабоко и толку очигледно?

*6.4. Сторителна програма*

Еве што им стори и еве како го стори тоа:

Излезе, на пример, во јавноста со картографски материјали и други неопходни нишани, со што им даде можност, на граѓаните од Република Македонија да разберат: колку си припаѓаат себеси, а колку им припаѓаат на други, од општинска гледна точка.

Тој излез и картографски и текстуално ја заокружи проектираната општина Богданци, во точка 17 од член 8, на единиците: Богданци, Селемли, Стојаково, Богородица и Гавото.

IX/4.-

Едно такво заокружување кое, во два наврата, беше писмено пласирано во јавноста, беше усно беше брането и верификувано од господинот министер Владо Поповски. Во согласност со - светите начела за: *географска, економска и функционална поврзаност; заеднички интереси и - меѓусебна соработка на општинските единици* и кои се, како што се знае, формулации на член 13 и член 14 од Законот за локална самоуправа. Јас ќе потсетам само на еден наврат, затоа што беше визуелен, дециден и недвосмислен.

При една ТВ-промоција на новиот Закон за територијална поделба, во придружба на уважен стручен консултант, господинот министер, одговарајќи конкретно на конкретно прашање, изјави дека, во резултат на "*стручно сеопфатно и издржано согледување на сите валидни елементи поткрепени од науката и целосно почитување на законот за локална самоуправа*" некогашната општина Богданци, која сега се дели на две, а како целост се споила со општина Гевгелија во 1964 год., како нова, модерна, мобилна и функционална единица ќе биде составена од единиците: Богданци, Гавото, Богородица, Стојаково и Селемли.

Набргу се покажа, меѓутоа, дека и не било сето тоа толку стручно, толку валидно, толку издржано и толку почитателно. Се покажа така, затоа што владата секако со асистенција на истиот министер, изнајде постручно, повалидно, поиздржано и попочитателно *согледување*. Според тоа и такво согледување, територијалниот закон засече уште еднаш во организмот на некогашна општина Богданци. Засече in vivo без анестезија или масовна хипноза која, популарно, се нарекува "Мижи Асан да ти баам".

Според тој најнов *засек* фрагмент од единствена катастарска целост кој се вика Богородица се реже од општина Богданци, се пришива и зашива за општина Гевгелија иако е, катастарски, неизводливо. Низводливо - затоа што тие две општини, општина Гевгелија и општина Богданци, ги дели природна граница, реката Вардар, од што следува: еден катастарски сегмент не може, просто, да се пренесе преку - вода, што се уште не значи дека владата не може некого, единечно и групно, да пренесе жеден преку вода.

Сега засега го оставам настрана прашањето: колку, господинот министер, кога го изјавувал тоа што го изјавил, држел до себеси и до својот стручен тим, а колку до владата; колку самата влада држела до својот министер и до неговиот стручен тим кога, на пример, оценила дека

науката си останува наука и тогаш кога педантно ќе го нотира тоа што ќе издиктира во дадена критичка ситуација. Го оставам настрана сето тоа од причина што нема теорија некоја влада да не се разбере со својот министер дури и тогаш, кога не се - согласува.

Затоа минувам само на односот: начела, стандарди и решенија.

6.5. Прашања

Овој Парламент донесе еден важен Закон, а тој се вика Закон за локална самоуправа. Тој закон, како и сите закони од тој тип е, поправо, каталог од функции на тоа што се именува како *единица* на самоуправата. Само по себе се разбира: кога постои таков закон, ќе треба, позитивно, да се дефинира и самата единица. Од причина што: не може да се замисли функција без функтивма операција без оператор; дејство без - субјект.

Согласно со тоа, Законот за локална самоуправа и Законот за територијална поделба се - изотопни: едното го проектира другото; едното го подразбира другото, едното го налага другото и - обратно.

Не случајно во Законот за локална самоуправа се даваат два члена (13 и 14) во кои се дефинира што е тоа единица на локална самоуправа. Од тие членови се изведуваат сите начела на законот за територијална поделба. Освен она начело за кое зборував подробно и за кое дадов систематска аргументација, а имено начелото - капацитет.

Во член 13 од Законот за локална самоуправа се вели дека единицата претставува "*природна, географска и економски поврзана целина, со комуникации меѓу населбите и населените места и гравитација кон заемниот центар, како и да има изградени инфраструктурни објекти и објекти од општествен стандард* "

Во следниот член 14 се додава една спецификација од особена важност. Таму се вели дека, при одредувањето на единицата, "*се води сметка за границите на катастарските единици на локалната самоуправа така што границите на единицата на локалната самоуправа да не ги сечат границите на катастарските единици на локалната самоуправа*".

Кога се знае, а се знае затоа што така тврди географијата, која не може да се менува со амандмани или со потег на перо; кога се знае дека општина Богданци е компактна географска целост во која компактно влегува Богородица затоа што така сака географијата која не излегува на

избори, не може да избира и да биде бирана;

Кога се знае дека северна граница на општина Богданци е ошптина Валандово со природна демаркациона линија; дека јужна е - државната граница со Грција, дека источна е планината Баласица и западна реката Вардар, со планински срт на таа територија, кој допушта делење, како што е направено со новиот Закон, а имено: поделба на општина Богданци и општина Дојран;

Кога се знае дека катастарската единица Богородица никаде не се граничи со катастарската единица Гевгелија затоа што не го допушта тоа реката Вардар;

Кога се знае дека единицата Богородица никогаш не припаѓала кон општина Гевгелија; дека таа влегла, во општина Гевгелија, како единица на општина Богданци во 1964;

Кога се знае дека постојат единствени мелеоративни, комуникациски, образовни и здравствени системи кои ги поврзуваат тие места и наспроти формални, неформални, административни и демонстративни елити, псевдоелити и прозелити кои го тврдат спротивното, а го тврдат заради ефемерни, егоистички и протекционистички интереси од сомнителен тип; кои наоѓаат илјада и еден начин да го легализираат и дури да го капитализираат тој егозам под патриотска, демократска или хилокритска маска;

Кога се знаат уште многу други работи кои, до подробности, ги соопшти, во специјална брошура, Месната заедница од Богданци, а ги соопшти во име и во одбрана на правдата со што, на индиректен начин, покажа дека и Министерството за правда е склоно кон неправди, иако неговата прва и основна грижа треба да биде правдата и само правдата;

Нема друго, господа пратеници, освен да се постави просто прашање:

Како и на кој начин Законот за територијална поделба ќе биде компатибилен со Законот за локална самоуправа кога е, на дело, колку банална, толку жалосна и двапати непобитна контрадикција?

Каков би бил тој законски систем во кои два, очигледно, јукстапонирани закона, сакале или не, ќе мора да функционираат како поларитети, што значи: тоа што ќе го пропишува едниот, ќе треба, промптно, да го брише другиот?

Каква смисла имаат начелата на еден Закон кои се игнорираат, кои се ескивираат кои се пародираат тогаш кога треба да се операционализираат?

IX/7.-

*6.6. Одговори*

Нема начин еден закон, кога ги напушта своите начела на ниво на материјални формули во кои се предлагаат конкретни решенија, како што покажува точка 17 од член осум на предложениот закон, нема начин да биде тој закон компатибилен по делови и во целост, со друг закон кој ги дефинира функциите на локалната самоуправа.

Нема законски систем кој може да функционира и, со тоа, да генерира неопходни, позитивни политички и социјални ефекти, кога се докажува дека односот меѓу два конјунктивни, приредени или - сопоставени закона е, фактички, дисјунктивен, кога е однос на исклучување и кога е однос на спротивставување.

Уште поедноставно кажано: секој таков закон престанува да биде закон воопшто, затоа што место да утврдува ред, тој санкционира безредие.

Се знае, уважени господа пратеници, уште од времето на Аристотел и на неговата *Политика, дека законот е ред и редот е закон.* Еден закон не може да биде ред и некој ред не може да биде закон кога не произлегува од факти, туку од некоја волја или намера. Затоа што волјата и намерата се прашање на желби и страсти, а пак фактите се прашање на сознанија. Се знае, исто така, дека добар закон може да биде само оној што е *праведен* закон. Еден *неправеден*, закон кој санкционира неправди, кој некому дава повластици, а пак некого лишува од права, не произведува пожелни животни односи, туку односи на тензии, конфронтации и конфликти. Односи на недоверба, немири и безредија.

Се надевам дека убедливо покажав, уважени господа пратеници, дека една точка од член 8, произведува крупни неправди по однос на општина Богданци и, од неразбирливи причини, се однесува дарежливо и протекционистички кон општина Гевгелија. Не е исклучено дека има и други такви точки во кои се нанесуваат крупни неправди, за што сведочат лавината приговори од различни места на Република Македонија, кои министерот за правда ги квалификува како јавна расправа во *тек* со оглед на предметниот Закон.

Затоа и треба да се прашаме: како да се постапи со Закон во кој се уочуваат крупни недоследности и уште покрупни дефекти? Како да се постапи со Закон чие начела превидуваат едно генерално, какво што е начелото капацитет, а пак тие што ги предлага, на дело ги игнорира или - дерогира? МАКАР И БЛАГО

IX/8.-

*7. Формулации*

Пред да одговорам на тоа прашање, ќе се задржам на неговите формулации или на тоа што јуристите го именуваат како правна техника на дадена законска материја, работа што ја ветив некаде на почетокот на моето излагање.

Тврдам дека Законот за територијална поделба има крупни недостатоци во своите формулации кои, во најмала рака, збунуваат и тешко се објаснуваат.

Почнувам од начелата врз кои се заснова законот.

Се вели дека првото, "*основно*" начело е неговата "*уставност и законитост".*

Ако, веќе, може да се расправа за тоа колку е неопходно да се потсетува дека, секој закон, треба да биде во согласност со Уставот, до колку не сака да ризикува да биде укинат од Уставниот суд, тогаш не треба да се расправа за тоа дека "*законитоста"* е суштина на секој закон. Ако не треба да се расправа, тогаш се постава прашање: зошто се нотира како начело за расправа?

Признавам дека, на тоа прашање, не можам да најдам разумен одговор. Стручно кажано: исказот *Законот се заснова врз начелото законитост* располага со висока редунданца, а пак популарно - со мал или никаков информативен капацитет. Нешто - кое опасно го приближува до таканаречената категорија "*празни форми*". Оти, ако се осмелите да кажете: *Земјата се заснова врз начелото земјеност; Водата се заснова врз начелото воденост; Небото се заснова врз начелото небесност; Парламентот се заснова врз начелото парламентност*, вие, без премислување, ќе се осмелите да кажете дека и *Законот се заснова врз начелото законитост.*

Ќе се рече, можеби, дека станува збор за формула, клише, кодекс или ритуал во јазикот на јуристите. Немам ништо против формули, кодекси, клишеа и ритуали, но затоа пак сум должен да потсетам дека сите тие, од своја страна, се должни да ги почитуваат основните правила на логиката.

Од економски причини на излагањето нема да се задржувам на самиот текст на Законот кој е, како што се кажа, необично краток. Ќе се задржам, во согласност на мојата главна намера, на дел од образложението од третата глава која гласи: "*Цели што треба да се постигнат со донесување на законот.*

IX/9.-

Таа формулација уште појасно покажува колку механизмот редундантност или - техниката многу да се зборува и малку или - речиси ништо да не се кажува, станале вообичаен комуникациски стандард кој функционира автоматски. Сите зборови после "цели" се атрибутивни и, од гледна точка на законот *економија на искажување* излишни. Велам излишни затоа што: секоја цел, како што се знае, се постига или не се постига. Се постига тогаш кога ќе се исполнат серија пропишани операции. Не се постига тогаш кога не се исполнува некоја од тие операции. Тука, меѓутоа, станува збор за "*цели*". Следува од тоа дека треба да се даде преглед на "целите" според нивната хиерархија. Во првиот параграф, меѓутоа, се вели дека *"локалната самоуправа заснована е врз начелата за основање на локалната самоуправа содржани во Законот за локална самоуправа*". Го Оставам настрана стилот на тој исказ во кој има три "*локализми*" и две "самоуправи \ Ќе се задоволам со тоа што ќе речам дека првата цел се потопува во еден дебел вербален нанос, кој ве тера да ја детектирате, а не да ја нотирате.

Состојбата со вториот параграф е уште подраматична. Тој почнува вака: "*Поаѓајќи од споменатите начела подрачјата на единиците на локалната самоуправа се определувани водејќи сметка подрачјето да претставува социо-урбана, географски и економски поврзана целина на граѓаните од тоа подрачје;*

Не треба посебно да се покажува, а пак уште помалку да се докажува, дека тој исказ не само што е нејасен, туку и недопуштено - несмасен. Таков е затоа што македонскиот јазик, како и многу други јазици, не допуштаат употреба на глаголски прилог до колку, во истиот исказ, не се употреби глагол.

Затоа што прилогот е лишен од категоријата време, тој не може да се употребува без глагол. Ако се употребува, тогаш реченицата останува без глагол, а пак реченица има тогаш и само тогаш кога има глагол кој, преку својата форма, упатува на имплицитен субјект.

За да биде несреќата уште поголема, во посочениот извод се употребува безлична глаголска форма и, згора на тоа, два глаголски прилога. Така, воопшто не може да се разбере кој ги определувал и кога ги определувал "споменатите начела", а пак уште помалку кој и кога водел сметка за тоа што треба да биде "подрачјето".

IX/10.-

Старо и свето правило на искажувањето е: за да зборуваш јасно мора да мислиш јасно. За да имаш ред и систем во зборовите, потребно е да имаш реди систем во главата. Примерите кои ги посочив јасно зборуваат за каков ред и систем станува збор: било кога се во прашање зборовите, било кога се во прашање мислите. Уверен сум дека тие не бараат посебен коментар.

*8. Постапка*

Сега одговарам на веќе поставеното прашање: како да се постапи со Закон во кој се уочуваат крупни недоследности и дефекти. Такви недоследности и дефекти, кои тешко се бранат или, поточно, воопшто не може да се бранат.

Не само логиката, туку и совеста; не само совеста, туку и нашата позиција налагаат еден таков закон, во кој се уочуваат крупни недоследности и дефекти, да и се врати на владата. Да и се врати на преработка и доработка, за да може да ни го достави во пристојна и нормална состојба.

Јас нема да предложам таква судбина за овој закон и во овој момент, иако сум должен тоа да го сторам.

Нема да предложам не затоа што министерот за правда ми е мил човек и помил од - вистината; не затоа што и владата ми е исто толку мила колку и министерот односно - помила од вистината.

Нема да предложам затоа што верувам дека не е празна фраза ветувањето на господинот министер, во кое се вели дека тој и владата ќе бидат "*комплетно отворени на реалните аргументи, предлози и сите оние фактички грешкики коишто отстапуваат од концепцијата ".*

Зборував за концептуални грешки. Зборував за некомпатибилност меѓу начелата на законот и неговите решенија. Зборував за дискрепанца меѓу овој закон и оној од кој произлегува, законот за локална самоуправа.

Се надевам дека не зборував залудно.

Колку се оправдани моите надежи, а колку пак искрени и сериозни ветувањата на господинот министер, ќе се покаже набргу. Кога ќе ја добиеме втората, коригирана верзија на овој закон, која ќе засечува далеку посуптилно, далеку побезболно и далеку поправедно.

Праведно е да се надеваме, господа пратеници, затоа што и надежта е праведна.

Праведно е да се надеваме, господа пратеници, затоа што надежта и праведна и правда.

Х/1 ЛП/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Поповоки, министер за правда.

Министерот има право во секое време да побара збор и да го брани законот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Една кратка интервенција. Не мислам да полемизирам или расправам за долгата, сложена, инспиративна расправа на почитуваниот г.-дин Атанас Вангелов, затоа што таа во голема мерка беше по моето скромно уверување во сферата на расправата за законот како филозофска категорија. За правдата' и начелата во голема мерка, надвор од практичната задача што треба да се осмисли и реши во врска со територијалната поделба на РМ на општини, од проста причина што дефинициите на основните поими беа црпени од литературата од пред две ипол илјади години и од проста причина што конклузиите или заклучоците беа повторно изведувани од начелното, инаку многу логично и инспиративно објаснување на тоа што е закон, што е правда, што е ред не само како природен закон , не само како закон на физичката природа туку и на космосот, туку од проста причина што се напушти просторот на РМ со неговите реални поими и категории кои можат јасно да бидат дефинирани. Од тие причини, една мисла за начелата, стандардите и решенијата, бидејќи општиот заклучок на г-динот Вангелов беше дека законот, во случајот не како природен закон или расправа за природните закони, туку предлог нормативниот акт како закон во рамките на правниот поредок на РМ и во рамките на материјата што тој треба да ја регулира, беше општо оценет врз база на тие негови општи начела, а тој можеше само така да биде оценет како далеку од тие начела, значи како неправеден, за да сепак сето тоа беше сконцентрирано и насочено кон примерот на богородица со една сосема логичка претпоставка , ако е направена на едно место, тогаш е можно на многу места да се направени

такви грешки, па од тие причини би завршил со коментарот во овој момент и би укажал на начелата, стандардите и решенијата на самиот закон како предлог на закон за поделба на РМ на општини.

Начелата не можат апстрактно да се постават и операционализацијата во секој конкретен случај да дава приближни параметри на општина со приближен простор, со приближен број на население, односно со приближен број на населени места и на други параметри од проста причина што реалноста не го овозможува тоа. Тоа би можело да биде овозможено до колку имаме рамномерен распоред на населението на целиот простор, доколку имаме приближно еднаква густина на население, еднаква густина на населени места и можеби слична структура дури и на населби , на видови на населби, па во таа насока да може да се претпостави дека ќе биде почитувана и географијата, но не само природната туку и социјалната, и географијата на населените места и на функциите.

Од тие причини, исто така би сакал да го приземјам, а при тоа не и да ја уништам смислата на начелото капацитет, бидејќи начелото капацитет како способност да се вршат природните функции, во случајот на законот за територијална поделба е нужно упатено кон прашањето што се природни функции на единиците на локалната самоуправа и на општините и нив ги дефиниравме во законот за локалната самоуправа, за кои г-динот Атанас Вангелов не само што гласаше туку изрази и согласност, бидејќи него го зема за референца во рамките на овие општини, според тоа капацитетот или способноста на една општина да живее е способност таа да ги врши функциите определени со член 17, 18 и 19 од Законот за локална самоуправа, а тие функции на еден начин укажавме во која област се ефективни и целосни, а во која област се консултативни, помошни во однос на инаку основните функции, на пример образование, економија, култура и се друго дадени на државните

органи. Од тие причини, тие функции и природата на тие функции упатуваат на мала општина, која што е и географски и социјално и инфраструктурно поврзана и функционира исто така како еден функционален организам. Меѓутоа, да се оди од ова становиште до барање да се препознаат еднакви општини по простор, население и др. е апсолутно нереално и апсурдно бараше. Бидејќи ако се земе аргументот број на население како параметар, дали законот засекува суптилно или со сатар, дали создава општини кои што се еднакво оправдани да постојат во законот за локална самоуправа, тогаш би требало да укажаме, а при тоа да не се тргне од населеноста, типот на населбата и слично, тогаш ќе треба да кажеме дека во рамките на Југозападна Македонија ќе треба да се образува општина на најмалку 5 иљади до 10 иљади км$^2$ за да биде по број на население еднаква на една општина која што во Полог би се образувала на пример на 200 км$^2$., па дури и на 100 км$^2$ затоа што бројот на населението на тој начин би бил еднаков во таа Југозападна Македонија, на пр. Мариово во однос на една мала по простор општина во Западна Македонија.

Идеите дека лавината забелешки укажуваат исто така на големите недостатоци или на несогласноста меѓу начелата, стандардите и решенијата го отвораат прашањето дали забелешките секогаш се гарантирано сознајни категории кои тргнуваат само од сознанието или до голема мерка се поврзани со намерата, волјата и интересите.

Конкретниот случај во врска со Богданци како прв предлог и Богданци како втор предлог со населените места. Стои забелешката и таа ќе биде комплетно разгледана уште еднаш и во рамките на аргументите но и во рамките на односите како аргументи, бидејќи факт е дека оваа аргументација така искажана може да се искаже од позицијата на Богданци. За волја на вистината, претставниците од Стојаково и граѓаните на Стојаково, на Селемли и на Богородица. Во досегашните

наши сознанија се покажува дека скоро или да не речам општо туку во најголем дел нивните расположенија се да не бидат со Богданци во една општина. Дали тие забелешки се исто така само сознајни категории или содржат намери, содржат интереси, па засечувањето во тие намери и интереси создава толку многу забелешки, Лично мислам дека би требало расправата да ја сведеме на реална оценка на решението од становиште и на начелата и на она што е реалност на просторот на РМ по сите параметри, по број на населби, типови на населби, распореденост на демографскиот фактор, не само географска целина туку економски природни ресурси и можности тие да се активираат и во еден дел и преку новите институции на општините и во таа смисла останува уште еднаш да потврдам дека и министерот и Владата до крај на наредните 30-40 дена, ќе останат до крај отворени на сите забелешки, на сите предлози и сугестии, меѓутоа, веројатно дека ниту ние, ниту кој и да е друг не ќе може да донесе закон како нормативен акт кој што ќе биде закон како природен принцип со комплетно компатибилни или да речам избрусени конкретни решенија кои во ниеден момент не ќе стрчат од одреден логички принцип, од проста причина што во тој случај ние би морале да констатираме дека е можно да се донесе еднаш закон за секоја една материја,, завршен и совршен како дело кое сигурно е исто така во рамките на филозофските категории, а не во рамките на правната проблематика, во која ние денес со овој Предлог закон само го почнуваме продолжителниот, сложен, многу противречен процес на создавање на повитални, поспособни единици на локална самоуправа или поспособни и повитални општини за своите функции.

XI/1.-СС/МЛ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Конкретно, забелешката околу Богородица, таму или ваму, нема да ја коментирам, коментирано е јавно, а аргументите, доколку Владата остане на истото решение ќе ги изложиме систематски по конкретното прашање, доколку остане предлогот со Гевгелија, зошто, ќе бидат тие систематски и тие би биле вистинска основа за критичка опсервација.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господин Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Незнам дали доволно ја разбрав благата сугестија во искажувањето на господинот министер околу повикувањето на аргументација од авторитети пред 2400 години како невалидни аргументи или теоретски мислења или основи само затоа што се во прашање 2400 години. Сакам да кажам дека не сум сигурен дали доволно ја разбрав како една блага вредносна конотација во негативна смисла. Доколку беше тоа, останувам без коментар.

Што се однесува до прашањето намери, волја или желба на граѓаните по однос на локалната самоуправа, јас говорев малку. Меѓутоа, може да се види бидејќи го приложив текстот на моето излагање дека по тоа прашање имам доста резервиран став.

Зошто? Затоа што таму каде што почнува волјата и желбата престанува законот. Ќе потсетам на една дефиниција и тоа класична, нема да биде пред 2400 години, бидејќи тоа го нервира господинот министер, ќе биде современа. "Неправдата почнува кога она што се вика " дезиреј ", она што јас го сакам или е пожелно за една група, во овој случај за едно мало место нека биде од шест или  10.000 жители станува

"дезирабл" пожелно за сите".Т.Е. ние ја наметнуваме самата волја за сите, т.е. на просторот глобален што се вика Република Македонија, но желбата не е никогаш сознание, не е никогаш факт, не е никогаш интерес праведен по однос на другиот. Желбата секогаш е прашање на доминација на другиот, т.е. стекнување некој објект за себе си, но тоа истовремено значи празнење на објектот од другиот. Тоа може многу лесно да се види и тука не може да има спор и не е спорно.

Се надевам дека овој пат го задоволив господинот министер што се однесува до цитирање на современи авторитети.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Денеска пред нас е Предлогот за донесување закон за територијална поделба. Сметам дека содржи претежно политика а премалку практично - правна потреба.

Всушност, правната есенција на овој проект се става во функција на политичката стратегија што се сака да се постигне со овој проект, а токму оваа стратегија ако се чита внимателно е многу недобронамерна по однос на одредени интереси, а посебно против интересите на немакедонското население, поконкретно на албанците кои овој проект ги погодува најдиректно поради нивното територијално, хомогено присуство овде.

Имаме значи еден проект пред нас кој е лесно читлив во скриените намери што сака да ги постигне предлагачот на овој предлог за донесување на овој закон.

XI/3.-

Има многу поводи и причини да се размислува и да се оценува вака овој проект:

1. Оние што ја познаваат историјата на територијалната поделба на Македонија лесно можат да констатираат дека овој проект е многу сличен на најлошите територијално - административни поделби на Македонија што се направени до сега. Тие секогаш биле на штета час на едните, час на другите популации кои живееле тука во Македонија. Сметам дека проектот ги содржи скоро истите политички намери на тие времиња. Тоа се: (1) да се деструира, декомпозира географската и територијалната хомогеност на немакедонците, поконкретно на албанците на локално и регионално ниво во местата каде тие се во мнозинство; 2) да се наруши географскиот, културниот, историскиот, регионалниот идентитет на тие места, поконкретно на целиот регион на Западна Македонија; 3) да се формира нов идентитет на тие населени места.

Да се практикува најлукава политичка и правна формула за редуцирање во практика на културните, јазичните и други специфични права на немакедонците.

Да се воспостават такви односи што во одделни земји во светот се применуваат за практикување на внатрешен колонијализам во односите центар - периферија, односно општина односно регион населен со мнозинство од други етнички заедници од мнозинската.

Бидејќи, како што спомнав овде се засновува многу врз начинот како е направен територијално - административната поделба на Македонија во минатото, чии намери историски ни се познати, јас се чудам како предлагачите такви намери сакаат скриено да ги конкретизираат во овој законски текст.

Овој закон обилува со примери на најнеправедна територијално административна поделба. Направени не без намера. Така, со намера на одделни градови од Западна Македонија да им се придаде друг идентитет како што се градовите Тетово, Гостивар, Струга и околните места на овие градови, оддалечени 2-3 километри од овие градови, сега се приклучуваат кон новопредложените општини од кои овие околни места или предградија се оддалечени за 13 километри

Само ќе наведам некој конкретен пример, извлечен токму од овој предлог за донесување на закон за територијалната поделба.

На пример, ги имаме селата Порој, Џепчиште и селото Гермо кои се периферија на градот Тетово, оддалечени првото Порој некаде 1-1,5 километри, Џепчиште до 3 километри од градот а се префрлени во новоформираната општина Теарце која е далеку некаде до 13 километри.

Кога сме тука, јас само би имал забелешка и тука дека од Тетово се формираат две новоформирани општини, општина Теарце и Вратница. Едната општина се формира со околу 6.000 жители а другата со 25.000 жители. Општината Теарце, граѓаните од општината Теарце навистина имаат некои забелешки дека оваа општина е преоптоварена. Значи, може од двете општини да се формираат тука две општини со 15.000 општини, значи има можност да се подели. Меѓутоа, зошто е направено општината Вратница да биде со 6.000 жители? Друга работа е дали претседателот на Комисијата што работела бил со потекло од тоа место, имал влијание да направи општина од 6.000 жители и да направи општина со македонско мнозинство, тоа е друго.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (од место)

И Вратница е со албанско мнозинство.

XI/5.-

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Вратница не е со албанско, јас и во Комисијата господине министре, потоа јас отидов во селата и се распрашував. Само со село Јажинце и Орашје не може Вратница да биде со мнозинство албанско.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете, господине Вејсели продолжете.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас го чекав министерот да ги најде податоците, но добро, може после со министерот. Јас ви гарантирам, сигурно да знаете дека е тоа така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во секој случај вие продолжете. Ако министерот чувствува за потребно ќе се јави.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Значи, се формира една со 6.000, а затоа после ќе видиме зошто, дали има граѓански интерес или има некој друг политички интерес тука. Тоа е друга работа.

На пример, општината Шуковица што се формира во некои ридско - планински и други македонски општини, тука некаде во индустриските зони и тн., но ова се најеклатантните предлози на непочитување на критериумите и потребните параметри и стандарди за формирање на општини. Се гледа начисто дека се сака да се воспостават односи на национална хегемонија и искористување културно јазично економско и друго врз немакедонците.

XI/6.-

Предлагачот, верувам дека и пред да го состави овој Предлог-закон има добиено реагирања на граѓани по овој Предлог на закон. Потоа, на предлагачот му предлагам уште еднаш внимателно да ги чита реагирањата на граѓаните, дискусијата што се водеше и што се води денеска овде и во натамошната постапка за донесување на овој закон да ги земе предвид коректно.

А, за донесување навистина и праведен закон за територијална поделба на РМ предлагачот треба да го пречисти текстот на Предлогот за донесување на закон за територијална поделба од сите политички намери и да изготви нов текст, нови предлози за формирање општини според најдемократските меѓународни критериуми и начела, стандарди и практики во мултиетничките општества.

Единствено така еден оваков закон што претставува важен закон не само за државата туку и за правата и слободите на граѓанинот и на националните заедници ќе добие демократска содржина и функција. Предлозите и реагирањата на граѓаните се вредни за почитување.

Уште еднаш му предлагам на предлагачот на овој закон да ги земе предвид. Посебно предлагам да ги земе предвид предлозите на Собранието на општина Тетово за формирање само пет општини, а со тоа би се отстраниле сите ирационални предлози предвидени за овој крај во сегашната верзија на Предлогот за донесување на закон. Предлогот на Собранието на општина Тетово за формирање само пет општини е направен студиозно и врз нејвалидните параметри и критериуми и врз волјата на граѓаните. Секое друго постапување по овој Предлог - закон во натамошната постапка за донесување, политички би било многу штетно.

Благодарам.

XI/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот Поповски бара збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само податокот, бидејќи многу се шпекулира токму на таа линија, заради јавноста.

Општина Вратница има 55,3 албанско население, 41,8 македонско население, другите се друго, 2,4 српско и тн.

Општина Брвеница, бидејќи со неа се манипулира дека е правен поради поинакво етничко групираше има 55,9 албанско население, 43,4 македонско население. Ако ги прочитаме селата приклучени кон Брвеница и Вратница, би било добро да покажете каде е вештачки приклучени и кои се тие села што се приклучени а не припаѓаат на таа целина, а кои се тие села што припаѓаат а се отстранети од односната општина.

Тетово, национален состав, со предлогот со селата Лавце, Селце, Тетово и Фалише 53% албанско население, 37,4 македонско население. Единствено од предлозите за општини во сегашната тетовска општина со поголемо македонско население е општината Јегуновце со 67,1% македонско а 3,05 албанско население. Кога би ги прочитале селата што се приопштени кон Јегуновце, би сакал да чујам кое од селото не припаѓа природно и не гравитира кон Јегуновце, а кое што гавитира е од странето од Јегуновце.

Во таа смисла сметам дека политика се води од оваа говорница, а не од Предлогот на законот за поделба на Република Македонија на општини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Вејсели реплика.

XI/8.-

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас, како прво, ќе тврдам и понатаму дека Вратница ќе биде со мнозинство македонско. Меѓутоа, кој е интересот сега да се формира со 6.000 жители, а другата со 25.000 жители Теарце, а има села од новоформираната општина Теарце што гравитираат кон Вратница. Тоа е проблемот. И немојте сега во небуритски аспект има голема диспропорција. Тоа е работата. А, за да биде онаков каков што е, Вратница е со мнозинство македонско. Јас сега реков, може некој друг има влијание, може претседателот е од тој крај, може и тоа е, но кој прифатил ако е така, ако е претседател, не мора да има влијание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине министре, ние бевме таму, се вака излага. Друго прашање зошто една општина со шест.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, господо од Министерството, колеги пратеници,

Ако на овој закон сме правната политичката и филозофската се додаде и димензија од мојата струка нема никогаш да заживее.

Но, јас не мислам баш така, носејќи се од основните карактеристики и цели на овој закон.

Бидејќи мојата дискусија, е во целост идентична со Извештајот на Комисијата за политички систем, сме што сметам да се донесе во две фази и затоа не би сакал да го повторувам презентираниот извештај и одземам време на другите дискутанти. Накусо ќе го кажам своето мислење за поделбата на општина Гостивар со сите алтернативи, како голема и по население и по пространство.

Предлогот на општина Гостивар за нејзината поделба е добар и во склад со Законот за локална самоуправа и начелата на територијалната шема. Одредени месни заедници се неприродно одредени во поделбата и нивните доставени барања треба да се составен дел на оваа дискусија.

Како што е дадено во најновата измена од 29 април 1996 година каде село Дуф и Орчуше претходно одредени во Мавровската општина се природно вратени во алтернативата Вруток, адекватно е селото Церово, Сретково и Ново Село да се припојат на општината Долна Бањица каде и припаѓале.

Барањето на Месната заедница од Здуње треба да се задоволи со најновата измена и наместо во Вруток, каде е неприроден пат, да припадне на алтернативата дадена со истата измена за формирање на општина Дебреше со населените места Лешница, Здуње, Врањовци и Дебреше, моето родно место кое и порано било општина.

На крајот да кажам дека законот ќе го поддржам со претходните забелешки и барања на месните заедници.

**ТИТ0 ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Соколовски.

XI/10.-

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Се извинувам што интервенирам, само една мала исправка на колегата дискутант, Комисијата за политички систем со 4:3 гласови предложи овој закон да оди во три фази а не во две фази.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ**: (од место)

Јас во дискусијата истакнав дека во тоа се разликува мојот став од ставот на Комисијата да не биде во три, туку во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Законот за територијална поделба што треба да биде донесен, по мое мислење претставува еден од важните закони со кој практично ќе се конституира и локалната власт.

Тој, по мое мислење претставува едно добро решение, се разбира со одредени слабости што верувам дека после оваа расправа, кога ќе биде предложен како Предлог закон за донесување ќе бидат искорегирани и сигурно доста работи од овие дискусии ќе бидат внесени во него.

Немам никакви дилеми дека треба да дојде до нова територијална поделба заради тоа што знаеме дека со досегашната територијална поделба целокупното внимание беше обрнато на општинските центри, па селските населби скоро и да не можеа да дојдат до израз или немаше можности да се интервенира и во нив особено во нивните локални проблеми, како што се проблемите од комуналната сфера, проблемите

од водоснабдувањето. Само да го земеме проблемот со водоснабдување. Сите знаеме дека посебно во селските населени места проблемот скоро не е решен. Можеби тоа е една од основните причини поради што треба да се оди на нова територијална поделба.

Имаше доста дилеми дали треба да има толку или помалку општини заради зголемување на бројот на администрацијата, имајќи предвид какви општини се предлагаат и дека тие општини ќе ги третираат локалните проблеми на населените места. Јас мислам дека тие воопшто нема да бидат општини од карактер од пред 1990 година кога општините претставуваа држава во општина а тие ќе се занимаваат со нивната локална проблематика и мислам дека тука некој гломазен административен апарат нема да биде потребен. Според тоа, се залагам за 111 можеби и некоја општина повеќе.

XII/1/JJ/лј

**БОРИС ПАВЛОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Заради тоа што повторно напоменував - општините се занимаваат со нивната локална проблематика, пред се од комуналната сфера, водоснабдување, патишта, основно образование, здравствена заштита итн.

Сега би сакал да кажам неколку збора конкретно со предлогот за бројот на општините и кои население места треба да бидат општини. Со Предлогот за бројот на општините во Струмица, јас мислам дека делумно со тој ќе се согласуваме но има уште едно населено место со други населени околни места. Се работи за местото муртино, со населените место Муноспитово, Банско, Свилајница и Сачево, кои што претставуваат една природна целина, комуницираат меѓу себе и имаат изградена инфраструктура, локални патишта се поврзани меѓу себе, а од друга страна сите тие населби, напоменувам, и до ден денеска гравитираат едно со други. Ако погледнеме здравствена заштита добиваат во амбулантата, во село Муртино, тука е централното основно училиште. Таа општина би имала некаде околу 7 илјади население односно 6800 жители што некаде 6.478 хектари плодно земјиште со неколку угостителски објектив о Бања, Банско со оранжерии во Бањско и повеќе видови приватни претпријатија. Тие имаат уредно доставено барање за општина, сите детали се напишани во тоа барање и мислам дека треба овој предлог да се земе во предвид, а тоа е и мој предлог зашто навистина и според законот и според уставот ова село ги исполнува условите да биде општина. Така предлагам конкретно во член 8 точка 75 да се додаде нова точка каде би стоело - Предлог општина с.Муртино со населените места Моноспитово, Банско Сачево и Свилајница.

Би сакал да искажам уште едно мислење на месната заедница Дабиља од каде сум исто така пратеник и имаат конкретен предлог. Тие се дадени да бидат во општината Босилово, меѓутоа заради тоа што се оддалечени 3 км. од Струмица и се приградска населба на Струмица и

скоро сите свои потреби ги задоволуваат во Струмица, здравство, образование и тн., предлагаат како месна заедница на нивниот состанок одржан на 12 мај 1996 година предлагаат да биде месната заедница Дабиља припоена кон Струмица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г. Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на големиот број на претходно пријавени дискутанти, јас одлучив да бидам пократок, притоа ценејќи го и вашето трпение. Во претходните искажувања за територијалната поделба имаше различни гледања, што е нормално. По мое мислење овој закон е прифатлив со некои мали забелешки што мислам дека во наредната фаза ќе бидат земени предвид и коригиран текстот.

До Министерството за правда беа пристигнати огромен број на барања за формирање на нови општини од кои повеќето од нив се прифатени а еден помал дел не се прифатени.

Во општина Битола со новиот предлог се предложени уште седум нови општини, меѓутоа е одбиено барањето од селото Ивањевци каде што јас сум пратеник во таа изборна единица. Мојата дискусија ќе ја насочам кон некои мои мали предлози и забелешки што се однесуваат околу овој предлог за формирање на ова општина и забелешки на веќе предложените општини Могила и Кукуречани, кои се сосема исправно предложени и треба да останат.

Една од најприфатените барања до ова фаза е барањето на с.Ивањевци жителите од ова и од околните села не можат да разберат поради кои причини е одбиено нивното барање а истото го мислам и јас и предлагам Министерството уште еднаш потемелно да ја разгледа можност на формирање на општина Ивањевци.

XII/3.-

Ќе дадам и кратко образложение на барањето за формирање општина Ивањици. Селото од Битола е оддалечено околу 25 км., поврзано е со асфалтен пат, целосно решена инфраструктура, има централно училиште амбуланта, откупен пункт, за тутун, текстилна фабрика пошта, и готови објекти за седиште на општината. Како развиено земјоделско подрачје претставува компактна географска целина со уште седум села кои што исто така имаат желба да имаат своја општина со село во Ивањици Затоа и самите се изјаснија и со изјаснувањето на тие месни заедници селото Ивањици сите заедно имаат пуштено и повторен допис и до Министерството за правда и до Собранието на РМ и надлежните органи.

По број на жители оваа новоформирана општина би имала поголем број на население од веќе три предложени општини во Битола. Од друга страна пак воопшто нема да посмета на постоењето на општина Могила, затоа што оваа општина и без овие села ќе остане како најголем општина во битолско од новопредложените, како по број на жители така и по огромната територија.

Да кажам и тоа дека во селото Ивањевци и порано постоела општина. Сите овие показатели набедуваат уште еднаш надлежното министерство да го разгледа ова барање з основање општина ново село Ивањевци бидејќи постојат сите предуслови.

Како забелешки ќе наведам две.

Прво, со новата територијална поделба селата Горно и Долно Чарлие е предвидено да припаднат на општина Добрушево. Незадоволни од оваа определба овие села поднесоа барање до Собранието и Министерството за правда, а се обратија и лично до мене со молба нивното барање да го пренесат овде на оваа говорница со желба тие села Горно и Долно Чарлие припаднат под општина Могила, бидејќи општина Могила ги поврзува со основното училиште поштата и најмногу блискоста со асфалтниот пат што е оддалечено 1,5 км., а кон

Добрушево е далеку повеќе некаде 7 км. Мислам дека овде е направена некоја грешка и полесно ќе може да се исправи. Покрај волјата на жителите на овие села а имајќи ја предвид и состојбата на терен, значи треба лично да се види и уште еднаш да се прегледа овој случај и ке се констатира дека навистина ова барање сите патишта ги води кон Могила во продолжение и до Битола.

И на крај, втора забелешка, селото Стрежево кое сега припаѓа под Цапари кое село воопшто нема ниту еден жител е иселено целосно, меѓутоа, територијата отсекогаш припаѓала и сега е молба на општина Кукуречани таа територија да остане во таа општина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Куљан не е тука.

Г-дин Биљаљи не е тука.

Има збор г-динот Ферид Мусовски.

**ФЕРИД МУС0СКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер.

Што се однесува на Законот за територијална поделба на РМ, и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа ја поддржувам потребата и итноста од неговото донесување, Г)што е мож о во пократок рок и предлагам овој закон да оди во две фази.

Со краток осврт ќе елаборирам потребата од формирање на единици на локална самоуправа со седишта во с. Ростуше и Маврови анови. Граѓаните од овој регион одамна ја чувствуваат потребата за формирање на општина, бидејќи на своите собири на месните заедници секогаш расправаа за актуелните проблеми, состојби и перспективите за подобрување на вкупните претпоставки на живеење на граѓаните на овие простори. Во согледувањето на причините за тие состојби единствена е оценката дека голем придонес покрај другото има и фактот дека овој крај досега не организира посебна единица на локална самоуправа, така што специфичните потреби и проблемите на граѓаните не се решавани на

соодветен начин. Веднаш укажувам дека со ова не сакам да потенцирам дека состојбите се резултат исклучиво на неактивноста на органите и раководителите на постојната општина Гостивар. Напротив големината на општината и специфичните и бројни проблеми која што се протега во поголем дел во рамничарскиот дел, објективно го оневозможуваат нејзиното,во нужен обем, ангажирање да се создадат посоодветни услови за живот и работа во нашиот регион. Посебно сакам да ја истакнам оддалеченоста на најоддалеченото место во општина Гостивар, Лазарополе што е оддалечено 70 км од Центарот што мислам дека е единствен пример во Башата Република.

Исто така, Ве информирам дека овој регион по трет пат се обраќа со иницијатива за формирање на општина со единици на локална самоуправа. Првата иницијатива е од 1986 година која иницијатива заедно со иницијативите на Пехчево Ново Село и Богданци не беа прифатени од тогашните надлежни одбори на Соборот на општините и Општествено - политичкиот собор. Со Предлогот за донесуваше на овој закон со кој се предлага нова концепција на единиците на локалната самоуправа, неспорно со овој предлог се сугерира дека големината и функциите на единиците на локалната самоуправа мора да водат сметка за тоа граѓаните непосредно и реално да учествуваат во одлучувањето за локалните потреби и интереси. Тоа значи дека досегашните големи гломазни општини објективно не можат да одговорат на ова барање и треба да се преиспитаат и видоизменат особено оние каде што има иницијативи и сознанија за тоа.

Во тој контекст потсетувам за тоа дека и појдовната преамбулна констатација на Европската Повелба за локална самоуправа која што треба да се респектира при разгледувањето на поднесените иницијативи за формирање на нови единици на локалната самоуправа. Тоа значи дека треба да се основаат такви единици на локална самоуправа во кои ќе може да се реализира основниот демократски принцип на

граѓаните, пред се во единицата на локалната самоуправа вистински да учествуваат во вршењето на јавните потреби.

Што се однесува до Предлогот на законот прифатлив е предлогот за предложените населени места да припаднат на единицата на локална самоуправа со седиште во Ростуше и на локалната самоуправа со седиште во Маврови Анови.

Барање за формирање единица на локална самоуправа со седиште во Ростуше го поткрепувам и со фактот дека со Повелбата за привремена административно - територијална поделба на Македонија од 6 февруари 1945 година е утврдено постоење на околии меѓу кои и Ростуше во рамките на скопскиот округ.

Имено, горенаведените места во Предлогот на законот гравитираат кон месната заедница Село Ростуше која претставува природна, географски и економски поврзана целина со комуникации меѓу населбите и населените места и гравитација кон споменатиот центар и според тоа сметаме дека ги задоволуваме условите утврдени со Законот за локалната самоуправа.

Почитувани пратеници напоменувам дека сите населени места на нашиот регион го имаат решено проблемот со водоснабдувањето, со напојување на електрична енергија, изградени асфалтни патишта, телефонски приклучоци и одводна канализација. Во Ростуше функционира пошта, банка, полициска станица, здравствен дом, Завод за вработување и Служба на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи. Исто така во регионот опстојуваат повеќе стопански претпријатија, но во овие моменти истите ја делат судбината како и останатите организации во Републиката. Со формирањето на единиците на локалната самоуправа ќе дојде до повторно активирање на истите и ќе се создадат услови за нови вработувања и вложувања на граѓаните кои што се вработени во странство. Исто така во регионот

опстојуваат и педесетина фирми во приватна сопственост од различни дејности. Процесот на образованието е опфатен со мрежа на основни училишта во сите населени места, а во Ростуше функционира и гимназија со природно - математичка насока и Дом на култура со што постојат услови за непречен развој на културните дејности.

Особено сметам дека формирањето на општина во овој регион поволно би влијаело врз навремено следење и превземање на поттикнувачки мерки за создавање подобри услови за развој на овој регион. Но никако нема да се сложам со многу дискутанти кои што премногу му даваат значење на политичкиот момент на барањата што се поднесени за формирање на локална самоуправа, истакнувам и одговорно тврдам дека во овие наши барања политичкиот момент се исклучува и исклучиво доаѓа предвид само потребата и потребата на овој регион кој што прв во Македонија ја почувствува потребата за формирање на локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ристо Марковски.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, потребата од донесувањето на Законот за територијална поделба на Република Македонија е неспорно и неопходно потребно од причини кои што во повеќе наврати овде се изнесени и на тоа не мислам да се задржувам. Моето мислење, забелешка и предлог е да се разгледа можноста во член 8 точка 52 да се додадат населените места, Одржани, Крушеани, Пашадрлци, Бела Црква, Вољани, Локвени, Житоше и Турско и исто така овие населени места да се бришат од член 8 точка 62, односно овие населени места да припаѓаат на општина Крушево а не на

XII/8.-

општина Кривогаштани. Причините за тоа се повеќе, а пред се ако се има предвид желбата на населението на овие населени места да бидат во општина Крушево и нивните писмени барања доставени до надлежните органи и Министерството за правда. Наведените населени места претставуваат една целина во поглед на економско и географско поврзување, а пред се како земјоделско стопанска целина со градот Крушево. Традиционално добрите односи на жителите на овие населени места со градот Крушево, а заедно и можностите и перспективите за развој на општина Крушево, како неразвиена ридско планинска општина се многу поголеми, доколку овие населени места бидат вклучени во тоа, вклучувајќи ги и нашите повеќегодишни напори и заложби, Крушево како град и општина да добие посебен статус во смисла на одредени даночни и царински олеснувања. Со тоа би се запрел процесот на напуштање на градот и неговото бавно изумирање, што не е во интерес на никого во нашата Република и со тоа би се отвориле нови шанси и перспективи за развој на Крушево.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани колеги, Некои од господата наши колеги ми го одзедоа капацитетот за подолго излагање, пак ке се обидам да бидам пократок.

Прво, сакам да им советувам на Министерството и на Владата за ова време додека се изготвува Предлогот на законот поблиску да ја дефинираат дефиницијата на локална самоуправа и во овој Закон во смисла на одредниците кои што потоа следат. Можеби паралелно со тоа евентуално да се извршат и некои измени и дополнувања на законот за единиците на локалната самоуправа, која би било во функција на тоа да се стави полесно во дејство Законот за територијалната поделба.

Тоа го кажувам од причини што останувам убеден дека сеуште не ни е до крај заокружен концептот околу единицата на локалната самоуправа. И ние повеќе, а и вие сеуште се помеѓу општина и единица на локална самоуправа, а тие се две општествени правно политички категории.

Општината е, сепак ако останеме притоа, во Законот почнавме со општината а сега завршуваме со потенцирање на единицата на локална самоуправа. Не е тоа случајна појава. И теоретски и практично политички тоа се две работи. Општина е општа општествена заедница која има власт и спроведува власт на вокално ниво. Оваа наша нема власт, има локална самоуправа. Според тоа дајте расчите те го јас сум како граѓанин, инаку и како професионалец, јас сум за општина, но ако поголемиот дел се определиме за единица на локална самоуправа да ја дефинираме, навистина да ја димензионираме на ниво на она што сакаме. Вака сега, да ја оставиме настрана дефиницијата на Уставот, односно одредбите, тоа може и на еден и на друг начин да се толкува и во едниот и во другиот закон на средина, помеѓу општина и единица на локална самоуправа. Поточно јас сум за општина, затоа што поделбата

на власта меѓу другите аспекти што ги кажуваме стално како рефрен е и поделбата помеѓу централна и локална власт. Јас сакам локална власт како елемент на демократија а не како потреба, како што рекоа овде на интересните групации. Како елемент на демократија. Но ако за тоа немаме простор и со оглед на Уставот и друго тогаш да го дефинираме колку е тоа друго.

Друго прашање што мораме да го расчистиме до предлогот е следното: одиме ли на поделба односно на територијална поделба односно административна, како сакате, на Републиката со стриктно почитување на сегашните општини територијална или одиме независно од тоа. Затоа што низа шпицеви ви имаат останато само заради што некаде стриктно сте го почитувале принципот општината е таа која што се дели во границите кои што ги имала сега, а некаде тоа малку го пречекорувате, па тогаш настануваат други проблеми во други подрачја. На пример, Полошкиот простор независно од двете општини би бил многу порационално територијално поделен ако не би се почитувале во целина досегашните општини. Но бидејќи сакате да го задржите тој принцип, тогаш некои села ви одат по 10 до 15 км. оддалечени од Центарот кој што сега се одредува. На пример, Волковија оди во Брвеница. Ако веќе оди Брвеница, може да оди Тетово, она е залепена со Тетово. Има и други, не сакам тука да ги изнесувам. Ако сакаме принципот да го расчистиме. Ако се задржувате на постојната одредба од одреден закон, која што ќе ја толкувате, тоа е Законот за локална самоуправа дека не можат нови општини да се формираат на територија на две општини,а тоа ретроспективно го толкувате, тоа е во досегашните општини, тогаш дајте тоа да биде чисто. А ако е можно и меѓу сегашните општини да постојат односно инаку да се распоредат, тогаш видите таму каде што е можно тоа да не биде.

XIII/3.-

Еве пак уште еден пример на оваа тема. Во горниот делна Полог на Шарока страна формирате сега меѓу општината Тетово и Гостивар уште 4 општини. Јас мислам дека е тоа нерациоанлно. Независно од густината, од ширината на населението, тоа се други критериуми господо, можеме да кажеме критериум територијален е овој, популационен тој. Но, нерационално е меѓу Тетово и Гостивар на горна страна 4 општини, на долна страна 4 општини. Мислам дека една општина измеѓу, на линија на она што и Тетово предлага зборувам, една општина измеѓу на една и на друга страна би било рационално да ги задоволи и потребите и самоуправни и административни и сите други на двата простора, а и да претставува целини кои што сами за себе можат да се одржуваат, односно да си ги вршат елементарните функции.

Трето, мислам дека во ова меѓувреме некои заблуди треба да се, по пат на непосредно контактирање и со друга пропаганда и научно толкување да се надминат. Една од заблудите и следната. бидејќи имаме претстава што биле општините досега, сите очекуваат дека и новите општини ќе бидат тоа. И бидејќи се тоа комплетно општествено - политички заедници сега сите села се борат посебно големите да станат центар на општина, мислејќи дека со тоа веднаш ќе станат граѓани, веднаш ќе станат урбанизирани големи средини, ќе станат економски центри, големи културни образовни итн. Мислам дека мора на тоа да се работи за да се каже дека тие функции веќе не само заради тоа сега инаку ги дефиниравме општините односно единиците на локалната самоуправа, туку променетиот систем веќе не го држи тоа. На пример, досега општината беше носител на економскиот развој. Оваа општина колку да се голема, каква да е такви функции објективно веќе не може да има , затоа што немаме планско стопанство и не може општината да се јави како носител на кредити од државата или од не знам какви други институции за да она инвестира, за да она биде носител на инвестиции.

XIII/4.-

Сега се бидат тоа стопанските организации согласно интересите, односно природните, пазарните и други услови.

Втора заблуда што се создава е тоа што сега се формираат паралелно со процесот на поделбата на нови единици на локална самоуправа лобистички структури, лобистички организации за притисок. Или да се стане центар на општина или да се земе уште некое село, некое подрачје итн.

Мислам дека околу тоа пред јавноста треба да се излезе со пообјективизирани, поблиски објаснувања до луѓето, кои што можат да им бидат прифатливи. А и,сфатливи на крај краишта.

Трето, односот село - град. Јас мислам дека некои статистики што овде се изнесуваат малку се произволни дека со празнење на селата од градовите од селата, националната структура многу се менува. Не. Во Западна Македонија националната структура и во градовите веќе е сменета со оглед на структуралните промени што се вршени. Не е во тоа голем проблем. Проблем е дали ние, нашиот концепт е дека освен Скопје ниеден друг град не може да биде повеќе општина и зошто? Зошто ќе имаме таква диспропорција односно асиметрија во населението ако инсистираме на тоа, на пример да речеме Тетово по секоја цена мора да остане една општина и тоа само со две-три села евентуално. Зошто и Тетово не може да биде три општини, на пример секој дел од таа општина по три,четири,пет села, тие што се во најнепосредна близина. Навистина Мала Речица не може да се издвои. Како ќе се издвои физичќи она? Пред се урбанистички не може да се издвои, не може градските улици да се издвојат. Треба да го видите тој принцип. Зошто освен Скопје сите други градови можат да бидат една општина. Јас мислам дека можат големите градови: Битола, Тетово и други да бидат неколку општини со неколку села во секој од деловите на тие општини. Зошто тоа не може? Тоа треба да се види. Јас мислам дека нерационален е тој принцип затоа што ќе имаме состојби една општина да се ....

XIII/5.-

Четврто, стриктна поделба на градски односно урбанизирани и рурални општини мислам дека ќе создаде многу други проблеми. Ние не можеме сите функции на истурените единици на министерствата да бидат само во градовите. Во сите општини во сите 111 тоа не ќе може да се изврши.

Прво, мора да сметате дека секоја од новоформираните општини ќе инсистира еден дел од тие истурени единици на министерствата да бидат и кај нив. А и граѓаните ќе бараат зошто постојано за своите секојдневни работи да идат во град односно во бившата општина.

Второ, знаете штом ќе се роди едно дете оно ќе бара да се лула и да чепрка. Според тоа оно ќе бара да врши функции, тие што ги има и по член 17 и по член 18,19, но и 20, според кои може Републиката да му пренесе надлежности од Законот за локалната самоуправа. Така да мислам таа концепција дека ние ќе концентрираме некои работи што се врзани за централната власт само во општините во град не може да издржи критика таа теза. Мора да сметате дека ќе има интерес за диспензирање и на тоа, па според тоа мора да се води сметка и за ширината, големината на општината итн.

Трето, популационата политика. Мислам дека е наивна од некои теоретичари што ја шират тезата дека со формирање на општините, со новите функции што ќе ги има они ќе бидат фактор за некакво ново популационо движење на населението. Нов фактор за популационо движење сега ќе бидат стопанските организации кои што ќе имаат интерес во неразвиените подрачја да се развиваат односно преку фондот за неразвиените подрачја, но независно од општините да се форсираат одредени подрачја за развој. Инаку општината нема никаква улога и создадена е една фама дека општините ќе враќаат, па дури и познати професори држат предавања јавни дека тоа ќе биде враќање на населението. Нема таква функција општината сега по ниеден основ. Тие неколку административци што ќе бидат таму назначат социјална

политика. Најпосле, бидејќи знаете сите овде помалку на локална основа беа принудени да се свртат малку пожестоко, сакам да го кажам и следното, но јас што се однесува до мојата изборна единица, тоа е -79, на средина измеѓу Тетово и Гостивар. Тоа е Пирок.

Во горниот дел, на Шарска страна се предлага да се формира општина помеѓу селата Камењане и Пирок, каде што спаѓа и Боговино, Седларце и други села и сега трите села се претенденти да станат центар на општина и Приок и Боговино и Камењане. За да бидам крајно непристрасен, колку што е можно да се биде, сите имаат и предности и друго нешто. На пример, Боговино е најголемо село во тој регион и можеби ако сеземе тоа како основа има основа да биде центар. Камењане е поблиску до Тетово, ако тоа се земе како основ и тоа може. Пирок е со најголем број интелигенција и сите се сега во управа што работат во Тетово од Пирок, па според тоа има некоја традиција, или култура за организирање на општествено - политичка и локална заедница тогаш има оно предност итн.инт. Според тоа сите имаат меѓутоа мислам дека стручните служби односно Министерството треба во овој процес да помогнат на начин кој што не ќе остави атмосфера измеѓу тие три големи села за да тие станат од соседи, пријатели непријатели. Да укажат кои предности за сите нив се во поголема корист за да биде решен овој проблем. Се ставам и јас на располагање во тој процес колку што можам да помогнам. Веројатно тоа не е само тука? има и на други места такви случаи, па мислам дека има право Министерството, а ние должни сме да помогнеме во тој процес доколку го бараат. Морам да кажам, не се лутете, Ве молам, сепак ако не за мериторност, но како консултација сте требале и треба да не користите. Мислам дека нема пратеник кој нема да ви стои на располагање да ви помогне а вие пак ќе одлучите така како што ќе сметате дека и струката и науката тоа го налага.

XIII/7.-

**МЕСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами и господа пратеници, предлогот за донесување на законот за територијална поделба на Македонија со забелешките кои ќе ги изнесам тука според мене претставува чекор повеќе кон пофункционално организирање на политичкиот систем на државата. Вака како што е концепирана локалната самоуправа со законот за локална самоуправа и во однос на организацијата на локалната самоуправа која е едностепена кај нас и во однос на надлежностите кои ги има денеска локалната самоуправа, кои се мора да признеме доста ограничени и секако тука може да кажеме дека единствена изборна надлежност на идните општини односно единиците на локалната самоуправа се само комуналните прашања и во однос на функционализмот, кој мора да признеме дека ќе биде доста тешко особено во руралните средини каде исто така треба да кажеме дека недостасува одредена правна традиција итн. и во однос на финансирањето кое е исто така беше тука кажано дека ќе доведе до големи разлики помеѓу руралните општини и урбаните општини од причина што во урбаните општини реално се врши промет на стока и услуги и од друга страна прашање е како ќе се протолкува определбата од Законот за локална самоуправа во однос на финансирањето на локалната единица во делот каде се наведува дека ќе се финансира и од дел од приходите на јавните претпријатија кои вршат дејност во тие единици. Тука може да се поставува прашањето дали вршење на дејност се смета имање на седиште на деловната единица на јавното претпријатие и реално и фиктивно вршење на одделна дејност односно понудување на услуги. Во целина мислам дека не се гарантира оптимално решение на оваа област во постојните околности, во постојните односи и ситуации и правната регулатива која постои и во Уставот и во законот за локалната самоуправа. Меѓутоа, тоа си е друг проблем и спаѓа во доменот на можните идни промени на

XIII/8.-

Уставот на Република Македонија и Законот за локална самоуправа. Сметам дека односите императивно ќе наметнат такво нешто и времето ќе покаже дали сме во право од овој аспект.

Несакајќи да го исполитизирам ова прашање, иако по својата структура ова прашаше има голема доза на политика, дури и во земјите кои што имаат поголема демократска традиција а камо ли кај нас, туку сакав само начелно да изнесам некои, според мене, важни забелешки да имаат своја гравитација кон заемниот центар и да постојат одредени објекти на инфраструктурата.

XIV/1 СЈ/ПН

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**: (Продолжение)

Во повеќе решенија кои се нудат во прегледот за донесување закон за територијална поделба на РМ и јас мислам дека има подоста спротивности и аномалии. Прва аномалија, според мене е, особено во Гостивар имаме такви драстични состојби што повеќе населени места за да се поврзат со нивниот центар односно седиштето на општината треба да поминуваат низ градот, што е апсурдно, и спротивно на законот за локална самоуправа.

Втора аномалија ,тоа што е веќе доста долго време од позиција на власта се зборува дека резонот на овој закон ревитализација на селото, а се зборуваше и за можното спречување на таканаречениот егзодус, село - град, меѓутоа, ако го анализираме теренот ќе видиме дека некои планински села, еве на пример Србиново, село со околината кое е 20 км далеку од Гостивар се поврзува со центарот кој се наоѓа 19 км. од истото село фактички се поврзува со центарот кој е само километар до Гостивар. И тука нема логика, неможе да се зборува за ревитализација, не може да се зборува за спречување на егзодус, неможе да се зборува за економски развиток.

Трета аномалија, е реалноста што некои населени места што реално претставува урбана целина и веќе се поврзани со градовите, сега се одвојуваат од градовите, се поврзуваат со некои села неколку километри далеку од градот. И тука сметам дека не само што нема логика, туку не е во согласност со законот ни со духот на законот.

Затоа јас во врска со ова предлагам да се излезе на терен и по можност да се елиминираат сите аномалии кои постојат затоа што фактички тоа ќе доведе не само до незадоволство, туку до спречување на нивниот понатамошен просперитет.

XIV/2

Втора начелна забелешка е во однос на членот 15 на законот за локална самоуправа. Имено, тој член одредува односно припишува дека населението ќе се консултира било по пат на референдум, било по собири во однос на формирањето на нови општини. Некои смета дека оваа одредба има само регулативен карактер, односно не утврдува, меѓутоа јас мислам дека од самиот факт што таква определба стои во законот, напротив има императивен карактер и обврзува, меѓутоа, решението што ќе произлезе од одлуката на волјата на граѓаните, било по пат на референдум, било по пат на собири, не задолжува односно не обврзува. И тука мора да направиме дистинкција. Значи, по мое мислење членот 15 требаше да се операционализира за да не остане само декларативен односно не би требало тој член да служи само за надворешна употреба, односно рекламна употреба.

Затоа, во склоп на ова предлагам особено таму каде што е присутно незадоволството да се излезе и да се исполнат обврските од членот 15 на законот за локална самоуправа.

Третата начелна забелешка е во однос на членот 87 на законот за локална самоуправа, кој предвидува дека Собранието на РМ пред донесување на закони кои се однесуваат на единиците на локалната самоуправа треба да побара мислење од постојќите единици на локалната самоуправа, односно од општините. Јас искрено да кажам не поседувам со информации дека негде тоа е направено и можам слободно да констатирам дека тоа не е направено и фактички тоа значи прекршување на законската определба од постојниот закон. Затоа предлагам, а тоа е и законска обврска да се бара мислење за ова

прашање од постојните единици.

Четврто, бидејќи се работи за доста сложено, а и министерот така кажа и комплицирано прашање сметам дека овој процес треба да се сфати како процес кој е во перманентна трансформација, кој се менува во континуитет и перманентно се развива, за да се избегнат можните конфликти, незадоволства и тензии, предлагам да се воведе таканаречената еволутивна клаузула. Тоа значи дека тие населени места кои според јавното изјаснување не се определуваат да се припојат кон ново формираната општина или не сакаат воопшто да бидат центар или седиште на новата единица на локалната самоуправа и до идните избори, фактички 4 години а можат да останат во рамките на постојните општини, тоа е прво,

И второ, тие населби кои се согласни за формирање на нова единица на локална самоуправа, меѓутоа, недостасува еден од условите посебно кога се во прашање инфраструктурните објекти и тука се најде толеранција и фактички да важи таа еволутивна ула.

Исто така предлагам по можност да се намали бројот на општините од причина што ние и така тука веќе беше речено има проблеми со гломазна администрации]а и тоа ќе биде дополнително оптоварување за постојната економија.

И на крајот, мое мислење е дека треба да се размислува за можни промени и во Уставот на РМ и во законот за локална самоуправа од причина што е неопходно и императивно да се воведе двостепеност на локалната самоуправа за да се овозможи понормална комуникација на единица на локална самоуправа и централна власт.

Замислете како сега ќе комуницира централната власт кога фактички ќе имаме 111 општини. Дали е полесно да се комуницира со 20 регии или заедници на општините без оглед како ќе ги именуваме или со 111 единици на локалната самоуправа, односно општини. Тоа е прво, и

Второ, треба да се прошират надлежности од причина на функционализмот на политичкиот систем затоа што мора да признаеме дека сега до единиците на локалната самоуправа постои незаконита и голема корупција, узурпации и тн., не постои никаква контрола од причина што власта се централизира, а од такви позиции не може да врши ефективна контрола како се остваруваат законите во базата.

Само така ние ќе можеме реално да формираме не локална самоуправа, туку локална власт, значи единици кои ќе имаат елементи на власт и со таква организација ќе овозможуваме поефективно остварување на правата, слободите и интересите на граѓаните кои според Уставот, исто атка, имаат право на непосредно учествување скоро за сите работи кои се важни од локален карактер.

И на крајот, да кажам дека го поддржувам предлогот овој закон да се донесе во 3 фази од причина што таков предлог имаше и од Комисијата за политички систем која се смета за матична комисија за ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само една информација во врска со забелешката на г-дин Биљали дека во смисла на член 87 од Законот за локална самоуправа уште на 24 мај е испратен предлогот за донесување на

законот до сите собранија на општините во Републиката. А, зошто нема мислења од сите, не знам.

Предлагам за денес да завршиме, продолжуваме утре 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,25 часот)